# дроги – политики и практики

Година II, Број 2, јуни 2014 година, **ISSN 1857- 8926, Бесплатно издание**

Тема на бројот:

## Дроги и законодавство

**Интервју:** Јака Битенц, Словенечки социјален клуб за канабис (ССКК)

*„Јавното мислење многу се смени од 2010 година наваму. Медиумите почнаа да пишуваат за поволностите на канабисот. Се случи за првпат во Словенија една граѓанска кампања да собере 28.000 потписи за три нацрт-закони, а тоа го постигнавме заедно!"*

**Импресум**

**дроги - политики и практики**
Година II
**Број 2**
јуни 2014

ISSN 1857- 8926

**Бесплатно издание**

**Издава**

Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
Адреса: Христо Смирненски 48/1-6, 1000 Скопје
Телефон: +389 2 324-6205
Телефакс: +389 2 324-6310
Е-адреса: **hops@hops.org.mk**

**www.hops.org.mk**

**дроги - политики и практики** е издание на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје. Списанието е бесплатно и слободно за споделување.

creative commons

**Уредништво**

**Главен и одговорен уредник**
Вања Димитриевски

**Уреднички одбор**
Вања Димитриевски
Влатко Деков
Ирена Цветковиќ
Жарир Симрин

**Лектура**
Весна Костоска

**Фотографија**
Социјален маркетинг - ХОПС

**Графички дизајн**
Социјален маркетинг - ХОПС

**Печати**
DataPons Grafika

**дроги - политики и практики** е отворен за соработка со сите заинтересирани за споделување ставови со кои се промовира хуман третман на лицата што употребуваат дроги. Доколку сакате да поднесете статија за објавување или на друг начин да го помогнете списанието, ве молиме, пишете на следната е-адреса:

**hops@hops.org.mk**

| | |
|---|---|
| **Смртта на актерот** | **3** |
| **Законска регулатива за дрогите** | **4** |
| **Словенечки социјален клуб за канабис – ССКК** | **10** |
| **Политиките и законодавствата за дроги во Југоисточна Европа** | **13** |
| **Во посета на Портландското друштво за здравство, организација која спроведува политики и програми за намалување на штети во Ванкувер – Канада** | **17** |
| **Имаш ли контрола?????!** | **22** |
| **Ја сакам дрогата, но не ги сакам последиците!** | **24** |
| **Што ве прави среќни?** | **28** |
| **Педагошка поддршка за децата чии родители употребуваат дроги** | **32** |
| **Од ганџа се умира само ако те фатат „Алфи"** | **35** |
| **Конференција: Достапност на третманот за хепатит Ц за корисници на дроги во РМ-добри практики и предизвици** | **37** |
| **Новозабранети супстанции во категоријата на опојни дроги и психотропни супстанции** | **40** |
| **Препорачуваме** | **42** |
| **Најнови публикации за дроги** | **42** |
| **Кратки вести** | **43** |

Ставовите изнесени во **дроги - политики и практики** не нужно ги одразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје.

# Смртта на актерот

На 2 февруари оваа година поради предозирање со хероин почина актерот Филип Сејмоур Хофман. Уште еден смртен случај кој можел да се превенира.
Низ медиумите и социјалните мрежи преовладуваа морализаторски и осудувачки изјави критикувајќи го Филип и неговата употреба на дроги.

Но, ретко кој ја критикуваше и повика на одговорност владата на САД поради нејзината неморална политика кон дрогите и лицата кои употребуваат дроги. Веројатноста дека Филип денес сè уште ќе беше жив е правопропорционална со политиката за дроги базирана на човекови права што ја води земјата. Имено, во оние земји каде што се спроведуваат политики за дрогите и каде што акцентот се става на прохибицијата, улогата на полицијата и на казните наместо на програмите за превенција, лекување, ресоцијализација и намалување на штетите, ваквите смртни случаи се помногубројни отколку во земјите каде што проблемот со дрогата е здравствено и социјален приоритет. Затоа голема е веројатноста дека денес Филип ќе беше жив ако тој имаше можност да користи легални соби за инјектирање како во Австралија, Канада, Норвешка или Швајцарија, на пример, каде што предозирање со фатален исход е невозможно, или да имаше можност да биде на третман со медицински хероин како во Германија, Швајцарија, Данска итн. Исто така веројатноста ќе беше поголема ако имал можност да добие налоксон кое е ефикасно средство во случај на предозирање. Тој ги немал сите овие можности заради политиката на владата која не овозможила овие програми да бидат достапни. Ете затоа политиката на војна против дрогите е нехумана, не е ефикасна и само го зголемува страдањето на лицата кои употребуваат дроги и нивните семејства.

И уште една работа која се однесува на медиумите. Смртни случаи како овој се случуваат секој ден. Ве молам информирајте, пишувајте и за нив. Пишувајте не само за бројот на смртни случаи туку и за животните приказни како што пишувавте за Филип. Да, сите тие не се филмски ѕвезди, не се јавни личности, но само во Македонија околу 10.000 лица кои инјектираат дроги ја делат истата судбина како и Филип пред неговата смрт. Тие се наши сограѓани, соседи, браќа, сестри, пријатели, познаници. И во Македонија не постојат горенаведените програми, а налаксонот не е широко достапен. Зарем треба да чекаме да почине некој кој сите го знаеме, па да почнеме да зборуваме и да пишуваме за проблемите?

Влатко Деков

**дроги - политики и практики**

**Влатко Деков**

# Законска регулатива за дрогите

Магистрант на социјална политика, 13 години работи на прашањата поврзани со дроги и во моментов е менаџер на ЦЕДИ – Центар за едукација, документирање и истражување во рамките на ХОПС. Ги има развиено најголемиот дел од програмите за намалување на штети од употреба на дроги во Македонија. Активист е за човекови права на маргинализираните заедници и членува во повеќе национални и меѓународни комисии и тела за дроги, ХИВ/СИДА и човекови права.

Евиденцијата укажува дека казнените мерки самостојно, без оглед колку се тие строги, не ја постигнуваат целта за намалување на употребата на дроги. Уште полошо, во многу случаи оние закони што ја криминализираат употребата доведуваат до негативни последици како што се: стигматизација на корисниците, нарушување на човековите права, отежнат пристап до третман и ресоцијализација итн.

Имајќи предвид дека употребата на дроги може да предизвика штетни последици како на индивидуално така и на општествено ниво, државите низ светот спроведуваат различни стратегии и закони за да се превенираат или намалат овие последици. Во повеќето држави во светот е забрането производството, поседувањето, купопродажбата и употребата на дроги. Меѓународната правна рамка се заснова на три конвенции за наркотични дроги и психоактивни супстанции (во 1961 год., во 1971 год., во 1988 год.) донесени од Обединетите нации, а потпишани и ратификувани од земјите-членки на ОН. Како што е наведено во Конвенцијата од 1988 година со самата ратификација земјите се обврзуваат да воведат санкции за секое производство, продажба, транспорт, дистрибуција или набавка на супстанциите кои се забранети со конвенциите од 1961 год. и од 1971 год.

Сите три конвенции овозможуваат земјите-потписнички да спроведуваат мерки за третман, едукација, посттретманска грижа, рехабилитација и социјална реинтеграција за тие кои сториле казнени дела поврзани со дроги, а самите се зависни од дроги. Иако постојат различни толкувања, сепак, во конвенциите не постојат специфични членови и детални одредби кои се однесуваат на криминализација на употребата на дроги и е оставена можност за флексибилност во националните политики, во однос на санкционирањето на личната употреба на дроги.

Сепак во најголемиот број земји-потписнички забрането е производство, продажба, транспорт, набавка и употреба на дроги. Исто така, голем број држави ја криминализираат употреба на дроги како: Русија, Грузија, Сингапур, Кина итн.

Во 2008 год. извршниот директор на УНОДЦ - Канцеларијата на ОН за дроги и криминал укажа на следниве негативни последици на постоечката меѓународната правна рамка за дрогите која е прилично рестриктивна.

**Креиран е голем доходовен црн пазар** на дроги кој го експлоатираат моќни криминални организации.

**Географска замена** на производството, односно успешната акција против производството на дрога во еден дел од земјата или регион во светот доведува до балон-ефект и зголемување на производството на дрога во друг дел од земјата или регион во светот. Производството не се намалува, туку само се преселува.

**Замена на супстанцијата** – односно кога одредени акции и стратегии доведуваат до намалување на производството и побарувачката на еден вид дрога, дилерите и лицата кои употребуваат дроги се префрлуваат на друг вид дрога која честопати е многу поштетна од претходната.

**Криминализацијата** на лицата кои употребуваат дроги ја зголемува нивната маргинализација и стигматизација што доведува до отежнат пристап до здравствени и социјални услуги и намалување на нивната продуктивност во општеството.

Евиденцијата укажува дека казнените мерки самостојно, без оглед колку се тие строги, не ја постигнуваат целта за намалување на употребата на дроги. Уште полошо, во многу случаи оние закони што ја криминализираат употребата доведуваат до негативни последици како што се: стигматизација на корисниците, нарушување на човековите права, отежнат пристап до третман и ресоцијализација итн.

Во други земји, пак, како: Португалија, Чешка, Холандија, Шпанија итн. фокусот е ставен на јавното здравје, социјалната политика и човековите права, а законите не ја криминализираат употребата на дроги. Во 2013 година Уругвај отиде чекор понапред и го легализираше и производството за лична употреба, но само за марихуана. Имено, нивните граѓани откако ќе се лиценцираат можат да бираат меѓу следниве три опции: сами да си произведуваат до 6 стебла годишно, да се зачленат во марихуана социјален клуб каде што заедно со останатите од 15 до 45 членови можат да одгледуваат најмногу до 99 стебла годишно или пак да купуваат до 40 грама месечно од лиценцирани аптеки.

Некои земји, како што се неколку федерални единици во САД, ја легализираат само медицинската употреба на марихуана или пак дозволуваат да се формираат социјални клубови на корисници на марихуана (Словенија, Белгија и др.), кои заднички можат да одгледуваат или да поседуваат марихуана за лична употреба.

Како и да е, движењата и иницијативите за промена на законите во правец на декриминализација на поседувањето и употребата на дроги, како и за легализација на марихуаната се сè побројни, веројатно поттикнати од резултатите што ги покажаа овие политики во некои земји, а за кои поопширно беше пишувано во првиот број на Дроги – Политики и практики.

***Во Македонија поседувањето на дрога за лична употреба не е кривично дело, а употребата на дроги се смета за прекршок против јавниот ред и мир и се казнува парично. Поконкретно, во Македонија поседувањето на дроги за лична употреба и употребата на дроги се декриминализирани. Кривично дело е поседувањето на дрога заради продажба. Сепак во пракса поседувањето на дрога најчесто се третира во рамките на Кривичниот законик.***

**Македонски искуства**

Во Македонија поседувањето на дрога за лична употреба не е кривично дело, а употребата на дроги се смета за прекршок против јавниот ред и мир и се казнува парично. Поконкретно, во Македонија поседувањето на дроги за лична употреба и употребата на дроги се декриминализирани. Кривично дело е поседувањето на дрога заради продажба. Сепак во пракса поседувањето на дрога најчесто се третира во рамките на Кривичниот законик.

Уредувачкиот одбор на списанието Дроги – Политики и практики за потребите на овој број иницираше спроведување на телефонска и интернет-анкета за испитување на ставовите на македонските граѓани за две прашања:

*1. Дали сметате дека поседувањето на дроги исклучително за лична употреба треба да биде казниво со закон?*

*2. Дали сметате дека употребата на марихуана треба да се легализира?*

Со телефонската анкета беа опфатени 1095 испитаници, на репрезентативен примерок селектиран според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење.

На првото прашање 90,5% се изјасниле дека поседувањето на дроги исклучително за лична употреба треба да биде казниво со закон, 6,9% сметаат дека ова не треба да се казнува, а 5,3% не знаат или не сакаат да ѓодговорат.



На прашањето за легализација на употребата на марихуана, 83,7% од испитаниците се изјасниле дека се против легализација, 9,3% одговориле дека марихуаната треба да се легализира, а 9,7% не знаат или не сакаат да одговорат.

Според возрасни групи, најголем процент од испитаниците кои се за легализација на употребата на марихуана се лица на возраст од 18 до 29 години (13,5%). Според место на живеење, легализацијата на марихуана најмногу ја поддржуваат анкетираните од скопскиот (16,2%) и од југоисточниот регион (12,5%). Токму во југоисточниот регион е најмала поддршката за забраната за употребата на марихуана (70,8%). Останатите 29,2% се лица кои се за легализација или пак не знаат, односно не сакаат да дадат одговор.






***Постојат и други индикатори кои воопшто или многу ретко се истражуваат и се мерат. На пример, страдањето и душевната болка на едно дете чиј родител е во затвор во согласност со Законот затоа што поседувал марихуана за лична употреба. Како ќе се измери влијанието на Законот кој ја криминализира употребата на дроги врз страдањето на ова дете, врз неговиот психофизички развој и врз растењето без родител (затоа што тој е во затвор)...***

Истите две прашања се испитуваа и преку анонимна анкета што се промовираше преку социјалните мрежи на интернет, а се спроведе благодарение на можностите што ги нуди интернет-операторот „Гугл" (Google). Анкетата ја пополнија вкупно 288 испитаници. Резултатите од оваа анкета во голема мера се разликуваат од телефонската анкета. Имено, 79% од анкетираните сметаат дека поседувањето на дроги исклучително за лична употреба не треба да биде казниво со закон, а само 15% сметаат дека тоа треба да се казнува.

На прашањето за легализација на употребата на марихуана, 249, односно 86% сметаат дека употребата на марихуана треба да се легализира, а само 21 испитаник, односно 7% се против легализацијата. Останатите испитаници не сакале да одговорат (1%), не знаат (5%) или немаат став (1%). Јасно е дека испитувањата преку интернет не се репрезентативни и нивната слабост е што прашањата ги одговараат само оние кои имале можност да дознаат за анкетата и кои биле мотивирани да учествуваат. Исто така, според возраста испитаниците се помлади, просечната возраст е 30,5 години, што е карактеристично за корисниците на интернет и вообичаено е помладите да фаворизираат легализација на марихуана. Овој заклучок се потврдува и со резултатите од телефонското анкетирање. Од друга страна, пак, слабост на телефонското испитување е тоа што вакви сензитивни прашања се поставуваат преку телефон и веројатноста да се даваат искрени одговори е помала. Сепак, јас ќе се повикувам на релевантноста на телефонската анкета, иако длабоко сум уверен дека таа не ја изразува реалната ситуација и не го изразува ставот на македонскиот граѓанин.

За споредба ќе го споменам примерот со динамиката на јавното мислење за законската регулација на марихуаната во САД. Оваа година за првпат испитувањата покажуваат дека повеќето Американци, 58% според Галуп, 54% според ЦНН (CNN), се за легализација на марихуаната. Најголем пораст од 10% имало во последнава година и аналитичарите сметаат дека причина за ова е легализацијата на марихуаната во сојузните држави Колорадо и Вашингтон. Ова е огромна разлика во споредба со првото испитување на Галуп во 1969 година кога само 12% испитаници ја поддржале легализацијата, само 16% во 1987 год. според ЦНН (CNN). Во меѓувреме, во САД се спроведоа повеќе кампањи за легализација на марихуаната, и тоа најинтензивно во последниве 10 години, а резултатите се видливи.




*GALLUP*

*Активистот и одгледувачот Хуан Ваз, сликан во својата градина (прилагодена за затворено одгледување на марихуана) во Монтевидео.*

***Иако постојат различни толкувања, сепак, во конвенциите не постојат специфични членови и детални одредби кои се однесуваат на криминализација на употребата на дроги и е оставена можност за флексибилност во националните политики, во однос на санкционирањето на личната употреба на дроги.***

**Етички и социјални дилеми на криминализацијата**

Успешноста на политиката за дроги од аспект на јавното здравје најчесто се мери според преваленцата, односно бројот на лица кои употребуваат дроги, опфатот на лицата зависни од дроги во третман, морталитетот, коморбидитетот и други индикатори.

Од правен или кривичен аспект успешноста се мери според бројот на затвореници, бројот на кривични и прекршочни дела поврзани со дрогите, бројот на новорегистрирани корисници итн. Меѓутоа, оцената на една политика во конкретниов случај на криминализацијата на употребата на дроги ќе биде комплетна ако се испитаат и социјалните и психолошките индикатори. Имено, колкав е бројот на лица кои употребуваат дроги кои се вработиле, колку од нив засновале семејство (иако лично сметам дека основањето на семејство не е критериум за успешност), колку се прифатени во општеството, односно дали се стигматизирани, дискриминирани и сл. Постојат и други индикатори кои воопшто или многу ретко се истражуваат и се мерат. На пример, страдањето и душевната болка на едно дете чиј родител е во затвор во согласност со Законот затоа што поседувал марихуана за лична употреба. Како ќе се измери влијанието на Законот кој ја криминализира употребата на дроги врз страдањето на ова дете, врз неговиот психофизички развој и врз растењето без родител (затоа што тој е во затвор), врз учењето и врз поведението во училиштето, врз влијанието на евентуалното неприфаќање од страна на училишните другари бидејќи не сакаат да се дружат со дете на затвореник итн. Ова се само мал дел од прашањата кои ретко се поставуваат кога се изгласуваат одредени закони.

Имајќи ја предвид сета сериозност на законите со кои се регулираат дрогите, усвоени од политичарите, мораме да се запрашаме дали нашите политичари ги земаат предвид сите овие негативни последици на законите кои тие ги гласаат. Јас не сум убеден во тоа и затоа мислам дека сите ние кои професионално работиме на прашањата поврзани со дрогите треба да бидеме многу погласни, да укажуваме на потребата од промена на законите и да бидеме активно вклучувани при нивната изработка. Сега е вистински момент да се потсетиме на изјавата на Шарл Де Гол „***Политиката е премногу сериозна работа за да им се остави само на политичарите***".

# СЛОВЕНЕЧКИ СОЦИЈАЛЕН КЛУБ ЗА КАНАБИС ССКК

***„Јас сум активист, татко, човек кој се бори за своето здравје и за здравјето на другите во Словенија. Во моментов сум дел од тим кој прави тура низ Словенија и информирам колку што можам повеќе луѓе за поволностите од користењето на канабис. Се обидуваме да ги промениме законите, кои се речиси исти насекаде низ Балканот и немаат смисла.“***

**Интервју:** Јака Битенц, Словенечки социјален клуб за канабис (ССКК)

Јака Битенц е активист на Словенечкиот социјален клуб за канабис - ССКК (Slovenia Cannabis Social Club - SKSK), кој заедно со другите членови на Клубот се бори за промена на законската регулатива за канабис во Словенија, за која вели дека е бесмислена, како и на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров. Тој користи масло од канабис за да се справи со последиците од дијабетес, од кој боледува во последниве 23 години. Во продолжение ви го пренесуваме разговорот со Јака, во кој тој поопширно зборува за сопствените искуства со медицински канабис и за дејноста на ССКК.

Кој сте вие? Што работите? Кое е вашето лично искуство со медицинскиот канабис и кои се разликите помеѓу вообичаените лекови и медицинскиот канабис за вашата состојба.

Јас сум активист, татко, човек кој се бори за своето здравје и за здравјето на другите во Словенија. Во моментов сум дел од тим кој прави тура низ Словенија и информирам колку што можам повеќе луѓе за поволностите од користењето на канабис. Се обидуваме да ги промениме законите, кои се речиси исти насекаде низ Балканот и немаат смисла. Го користам канабисот затоа што имам дијабетес последниве 23 години, а моето тело не го апсорбираше инсулинот доволно добро и немам друга здрава алтернатива. Во моментов користам само 30% инсулин затоа што инсулинот ги убива здравите бета клетки во нашите тела. Претпоставувам дека ова се прави намерно за фармацевтската компанија да произведе што повеќе зависници од инсулин.

Маслото од хаш (канабис) кој го произведуваме ми помага на неколку начини. Најпрво го смирува моето тело со тоа што ги намалува нивоата на адреналин, па можам да размислувам појасно, го стимулира панкреасот за да произведува инсулин самостојно и со тоа индиректно го намалува нивото на крв во шеќерот.
Секако најуспешната терапија е се-опфатна кога имаш соодветна ис-храна, енергетски фреквенции итн.

Дали постои разлика во мислењата на Владата и на јавноста во врска со медицинскиот канабис пред почетокот на активностите на ССКК и сега?

Главниот мотив за отворање на ССКК сигурно беше мојот дијабетес затоа што оваа дијагноза за мене значеше дека морам да се боцкам со инсулин кој ме убиваше и ме правеше зависник.

Немав никакви правни проблеми, со исклучок на фактот дека морав да направам прилагодувања на статутот на клубот пред официјалните органи да бидат задоволни со резултатот. Мислењето на Владата, од друга страна, е јасно, самоснабдување не е дозволено, треба да сме среќни што можеме да ја информираме јавноста. Овде во Словенија е како и во повеќето земји во светот. Имаме тајни агенти и сите оние работи што ги гледаме по филмови.

Јавното мислење многу се смени од 2010 година наваму. Медиумите почнаа да пишуваат за поволностите на канабисот. Се случи за првпат во Словенија една граѓанска кампања да собере 28.000 потписи за три нацрт--закони, а тоа го постигнавме заедно!

Каква е вашата политика на зачленување и колку членови има ССКК?

Членовите на нашиот клуб се само медицински пациенти. Ние не смееме да имаме поинаква политика сè дури не се промени Законот. Бројот на членови се зголемува дневно, па затоа не можам да дадам точен број, но можам да кажам дека имаме повеќе од илјада членови во клубот.

Кој е главната цел на ССКК?

Целта на клубот е да им помогне на медицинските пациенти на кои официјалната медицина не може да им помогне, како и да го промени Законот така што ќе се дозволи самоснабдување со канабис во Словенија.

Можеш ли да кажеш нешто за активностите на ССКК?

Одржуваме состаноци со пациенти, предавања за историјата на канабисот и медицинската употреба, како и презентации за нацрт-законите низ Словенија. Слично им помагаме на пациентите од странство. Им помагаме да воспостават мали канабис клубови низ Словенија и се обидуваме да живееме во еден паралелен систем зашто не сме задоволни од нашата сегашна позиција.

***„Целта на клубот е да им помогне на медицинските пациенти на кои официјалната медицина не може да им помогне, како и да го промени Законот така што ќе се дозволи самоснабдување со канабис во Словенија."***

Можеш ли да потенцираш неколку позитивни примери во врска со употребата на медицински канабис?

Канабисот е докажано дека лечи 105 болести, односно сите автоимуни болести. Многу е важно да се почне со терапија веднаш штом ќе се востанови дијагнозата. Маслото од канабис ја намалува крвта во шеќерот, нивото на холестерол во шеќерот, крвниот притисок, ја разредува крвта и помага за сон, дигестија – основно во третманот на ХИВ и разни канцери. Ова е само дел бидејќи консумирањето на канабис има премногу поволни ефекти за да можам сите да ги наведам во овој краток одговор затоа што прво би требало да го објасниме ендоканабиноидот, најкомплексниот метаболичен механизам во нашите тела...

Кое е твоето мислење за канабисот и иднината?

Нема веќе враќање назад. Добиваме нови докази секој ден. Иднината е светла, оптимисти сме.

***„Канабисот лечи, верувајте и на природата!" –*** *Јака Битенц*

Во периодот кога го водевме разговорот со Јака Битенц, членовите на ССКК спроведуваа интензивна кампања за промена на законската регулатива за канабис во Словенија. За жал, нивната иницијатива беше одбиена од законодавците во Словенија, но како што вели Јака, тие не се откажуваат од борбата.

Разговорот го водеше
**Жарир Симрин**

**Танасис Апостолу**

# Политиките и законодавствата за дроги во Југоисточна Европа

Директор на Здружение Диогенис Танасис Апостолу има студирано на Универзитетот во Атина и на Универзитетот во Амстердам. Работел во институтот „Црквата и Светот" (Kerk en Wereld), во Драјберген, Холандија (1972-1976) и во Православната академија на Крит (1976-1977). Бил директор на „Центарот за работници-мигранти од Медитеранскиот регион" во Утрехт, Холандија (1977-1989). Бил пратеник на Работничката партија во Собранието на Холандија (1989-2002) и работел како консултант за прашања поврзани со дроги (2002-2010). Од 2010 година е директор на Здружението „Диогенис".

Мотивот позади овој проект беше идејата дека во процесот на развој на политиките за дроги во земјите од Југоисточна Европа граѓанското општество мора да биде вклучено и да одигра позитивна и одлучувачка улога. Актерите од граѓанскиот сектор во оваа област мораат да бидат прашани при формулирањето на политиката за дроги и да влијаат врз законите за дроги.

DIOGENIS
Drug Policy Dialogue in South East Europe

Во 2012 година, Асоцијацијата „**Диогенис**" презеде иницијатива за развој на проектот Реформирање на законите за дроги во Југоисточна Европа. Во соработка со организациите-членки на мрежата за политики за дроги во Југоисточна Европа и истражувачите поврзани со истражувачките институции и правните факултети во рамки на универзитетите од земјите во Југоисточна Европа беше спроведено истражување од кое произлезе публикацијата „**Политика и закони за дроги во Југоисточна Европа**".

Мотивот позади овој проект беше идејата дека во процесот на развој на политиките за дроги во земјите од Југоисточна Европа граѓанското општество мора да биде вклучено и да одигра позитивна и одлучувачка улога. Актерите од граѓанскиот сектор во оваа област мораат да бидат прашани при формулирањето на политиката за дроги и да влијаат врз законите за дроги.

Дел од состојбите со политиките и законите за дроги во земјите од Југоисточна Европа се прикажани во оваа студија, а потоа се презентирани препораките. Можат да бидат сумирани во следниве точки.

### а. Постои дискрепанца помеѓу усвоените стратегии за дрога и нивната примена во секојдневните практики

Сите земји од Југоисточна Европа имаат усвоено национална стратегија во последната деценија. Повеќето од нив имаат усвоено и планови за акција за спроведување на стратегијата. Според националната стратегија на сите земји од Југоисточна Европа поединечно, граѓанските здруженија и граѓанското општество треба да имаат значајна и активна улога во градењето политики, главно во сферата на третман и рехабилитација, но и кај намалувањето на штетите. Сепак реалната вклученост на граѓанското општество и на граѓанските здруженија е прилично маргинална, иако се прават напори ова да се промени. Во пракса постои јаз помеѓу стратегиите и праксата. Намалувањето на штетите е вклучено во стратегиите за дроги, но не е интегрирано во националните закони; службите за намалување на штетите се ценат, но се финансиски зависни од грантови од надворешни донатори; рехабилитациските програми се препознаени како основен дел од политиката за дроги, но сè уште не се развиени.

Беше потенцирано дека стратегиите и плановите за акција мораат да се евалуираат и праксите кои не се ефективни мораат да се променат. Повеќето земји сè уште немаат формални евалуациски механизми. Евалуацијата ќе помогне за развој на релевантните власти да ги направат промените онаму каде што е потребно и да воведат иновативни практики со кои ќе се задоволат потребите на засегнатите страни.

### б. Кривичните закони се ригорозни за продажба на дроги, а во случаите на поседување дрога за лична употреба се применуваат недоследно

Кривичните системи на земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) се базираат на различни традиции, па оттаму се разликува и нивниот одговор поврзан со дрогите. Отстапувањата се поголеми во областа на посетните прекршоци на законите за дроги, додека казните предвидени за продажба на дрога имаат повеќе сличности и се најчесто екстремно ригорозни. Сепак, во неколку земји, независно од стриктноста на законите, казните наложени од судовите се помалку стриктни.

Воопшто, земјите од ЈИЕ можат да се опишат како неодлучни за декриминализирањето на поседувањето на дрога за лична употреба. Ова е суштествено прашање во понатамошниот развој на политиката за дроги затоа што влијае врз тоа дали третманот на корисниците-прекршители во рамките на кривичниот систем ќе биде толерантен или суров. Декриминализацијата на поседувањето на дрога за лична употреба се дискутира нашироко, но неколкуте обиди за воведување на закон поминаа неуспешно. Понатамошните истражувања и студии на сегашната практика во врска со поседувањето за лична употреба мораат да бидат приоритетни на агендата на сите земји од регионот доколку сакаме да се олесни кривичниот и казнен систем во однос на ова прашање.

**http://www.diogenis.info**
DRUG POLICY AND DRUG LEGISLATION IN SOUTH EAST EUROPE

### в. Бројот на затвореници се зголемува во изминативе неколку години; условите за живот се лоши и сè почесто е користењето на дрога во затворите; медицинската грижа надвор од затворите е неадекватна

За повеќето земји во регионот, животните услови во затворите се многу лоши затоа што затворите се пренаселени. Ова е чест проблем и општа карактеристика на затворите во повеќето земји во регионот.

Проблемот со користењето на дрога во затворите е видлив во националните извештаи. Постои разноликост во достапноста на програмите за третман за затвореници зависни од дроги. Медицинскиот персонал во затворот овозможува здравствена нега за сите затвореници, додека помош од други здравствени институции и програми на граѓански здруженија е достапна само надвор од затворот. Можно е да се насочат корисниците на дрога од затвор во програми за третман засновани во заедницата за зависни затвореници обвинети за дела поврзани со дрога, иако механизмите за диверзија комбинирани со програмите за третман (запирање на судската постапка, извршување на казната/условно ослободување) во моментов се регистрирани на многу ограничено ниво.

### г. Има поддршка за алтернативи на затворање на прекршителите - корисници на дрога

Сите поврзани страни поддржуваат алтернативни мерки за затворање на прекршителите-корисници. Тие се убедени дека алтернативните мерки ќе резултираат во намалување на затворските казни и намалување на негативните последици од кривичното гонење и краткотрајните затворски казни на зависниците. Сепак програмите за социјална реинтеграција се речиси непостоечки. За повеќето земји од ЈИЕ, стратегиите за социјална реинтеграција се карактеризираат или како некохерентни или како само номинални, и се чини дека сме далеку од имплементирање на таква политика. Еден конзистентен пристап овде би содржел политика која ги зема во обзир алтернативите на затворањето, проследена од практична примена.

### д. Релевантните власти и државните агенции и давателите на услуги се резервирани во врска со предлозите за реформирање на законите за дроги, додека граѓанските здруженија бараат реформи

Релевантните национални власти и државните агенции и служби се внимателни во нивните реакции за предлозите за промени на политиките. Предлозите за реформи најчесто се сметаат за спротивни на меѓународните конвенции. Владите и парламентите го користат просторот кој се јавува во меѓународните конвенции за да воведат нови начини за соочување со проблемот, но се неподготвени да разговараат за реформи на моменталниот систем за контрола на дрогите.

Граѓанските здруженија јасно ги изразуваат своите желби за реформа во неколку области, особено во врска со декриминализацијата на поседувањето на дроги за лична употреба и желбата за потврдување на сервисите за намалување на штетите во национална легислатива. За интравенските корисници на дрога се разгледува можноста за воспоставување на надгледувани простории за користење дрога како неопходна мерка за превенција со цел да се избегне ширењето на ХИВ. Граѓанските здруженија сепак се загрижени поради општиот став на јавноста, кој е резервиран по однос на декриминализацијата.

### ѓ. Економската криза е реалистична закана за услугите за третман и за намалување на штети

Иако во повеќето случаи, особено во последните неколку години, владите потпомогнати од граѓанските здруженија направија голем напредок во развојот на своите политики за намалување на штетите и услугите понудени на корисниците на дроги, пречките главно поврзани со немањето на финансиски ресурси и, до одреден степен, со културата на недоверба и фобични општества, во голема мера ги поткопуваат програмите и иницијативите за размена на опрема за инјектирање и воспоставување на надгледувани простории за користење на дрога. Промената на интересот во оваа насока е, сепак, особено важен развој кој силно ќе влијае врз развојот на политиките за дрога во ЈИЕ, особено поради ефектот на поширока европска политика.

Под товарот на економската криза, сервисите за третман и за намалување на штетите, заедно со здравствените прашања воопшто, медицинската и фармацевтската

***Проблемот со користењето на дрога во затворите е видлив во националните извештаи. Постои разноликост во достапноста на програмите за третман за затвореници зависни од дроги. Медицинскиот персонал во затворот овозможува здравствена нега за сите затвореници, додека помош од други здравствени институции и програми на граѓански здруженија е достапна само надвор од затворот.***

грижа и други социјални бенефиции – се поместуваат на маргините од една централна политика, додека сериозното намалување на средствата веќе покажува драматични влијанија. Повеќето од земјите од ЈИЕ сега се соочуваат со непредвидлива иднина во финансирањето на третмани и програми за намалување на штетите затоа што повеќето се (или беа) поддржувани од Глобалниот фонд, а сега повеќето не се во состојба да добијат нови фондови. Ако националните влади не ги финансираат овие услуги, повеќето од нив ќе престанат да фунционираат поради недостаток на средства.

***...постои јаз помеѓу стратегиите и праксата.***

### е. Производството и употребата на канабис се доминантни во сите земји во регионот

Култивацијата и употребата на канабисот се доминантни во сите земји од ЈИЕ. Големи количини на растенија канабис се откриваат, корнат и конфискуваат од властите. Во исто време, постои ограничена дебата за реформите за канабисот. Иницијативите во некои земји од регионот не вродија со сериозно политичко разгледување на ова прашање.

### ж. Небалансирано трошење на финансиските средства

Општо земено, средствата достапни за намалување на понудата и на побарувачката на̀ дрога не се урамнотежени. Националните стратегии даваат сеопфатен преглед во кој елементите за намалување на понудата и на побарувачката на дрога се балансирани. Сепак, во пракса, постојат повеќе потешкотии во примената на овој балансиран приод. Некои ќе речат дека ова е поради недостатокот од буџетски средства. Други истакнуваат дека е прашање на приоритети и на политичка ориентација. Недостатокот од човекови ресурси во програмите за третман е значаен проблем; потребно е да се алоцира одредена сума на пари од државниот буџет за програмите за третман на луѓето кои употребуваат дроги. ■

***Граѓанските здруженија јасно ги изразуваат своите желби за реформа во неколку области, особено во врска со декриминализацијата на поседувањето на дроги за лична употреба и желбата за потврдување на сервисите за намалување на штетите во националната легислатива.***

**Дарко Велески**

# Во посета на Портландското друштво за здравство, организација која спроведува политики и програми за намалување на штети во Ванкувер - Канада

**Дарко Велески** е дипломиран социјален работник. Моментно работи на изготвување магистерски труд на последипломски студии при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, насока Менаџмент на човечки ресурси. Активно работи како координатор на теренска работа во Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје каде што претходно работеше како социјален работник во дроп ин центрите.

... една од одликите на Ванкувер и она што го истакнува во глобални размери се хуманите политики за помош и поддршка на бездомните лица и на другите општествено-маргинализирани заедници.

Во август/септември 2013 година имав една несекојдневна можност да отпатувам на двомесечна студиска посета во рамките на програмите за помош и поддршка на бездомните лица и на другите општествено-маргинализирани заедници во Ванкувер, Канада. Ванкувер се наоѓа на западниот брег на Канада, со излез на Тихи Океан. Во самиот град живеат 603.502 жители, а заедно со околината има околу 2,4 милиони жители, што го прави Ванкувер трето по бројност населено место во Канада. Самиот град остава впечаток на космополитска средина затоа што при посетата се добива впечаток дека во него живеат и престојуваат луѓе од сите раси и националности. Бидејќи е едно од најголемите пристаништа на западниот дел од Северна Америка, развиена е трговијата со стоки и услуги поради што неговите жители се гордеат со можноста да имаат пристап до најсвежа и највкусна храна од која потоа дел се дистрибуира и во внатрешноста на земјата.

Покрај убавините, при посетата на Ванкувер се забележува присуство на голем број бездомни лица. Но, една од одликите на Ванкувер и она што го истакнува во глобални размери се хуманите политики за помош и поддршка на бездомните лица и на другите општествено-маргинализирани заедници.

Во текот на студиската посета бев гостин на Портландското друштво за здравство (Portland Health Society), познато по една од најразвиените програми за намалување на штети во светот, но и по проектите за помош и поддршка на бездомните лица. Покрај со програмите на мојата организација-домаќин, имав можност да се запознаам и со други разновидни организации и програми што овозможуваат помош и поддршка за различни општествено-маргинализирани заедници.

Во овој текст се задржувам на неколку највпечатливи проекти кои имав можност да ги посетам и практично да искусам како изгледа да се работи во нив. Сите проекти за намалување на штети се сместени во источниот дел од центарот на градот т.н. „Даун Таун Ист Сајд" (Down town east side).

**Инсајт (Insite)**

Инсајт е легално место за инјектирање на дрога. Таму корисниците на дрога можат да донесат сопствена дрога и да ја инјектираат во засебен простор. Центарот располага со добро обучен тим составен од медицински лица, лица од заедницата и активисти чија задача е да го надгледуваат целиот процес, да помогнат при „боцкањето" доколку клиентот не може сам да инјектира и доколку побара таква помош, како и да спречат можност за евентуално предозирање од дрога. Овој Центар секојдневно има околу 1000 посети, а годишно се спречуваат околу 500 предозирања и од основањето на Центарот нема регистрирано ниеден смртен случај.

Инсајт е познат и прифатен од луѓето кои инјектираат дроги затоа што им нуди удобност, безбедност и дискреција, односно можат да употребуваат дрога без да бидат видени од други луѓе. Доколку некој се обиде да инјектира дроги на јавно место, полицијата го препраќа во Инсајт. Центарот содржи и „соба за опуштање" (chill out room) каде што клиентите можат да добијат кафе и сок, а понекогаш и храна. Во рамките на Центарот постои можност за работно ангажирање на заинтересираните луѓе од заедницата, со скратено работно време, со што се поттикнува нивната самодоверба и одговорноста кон себе и кон поширокатa заедница.

**Онсајт (Onsite)**

Онсајт е центар за детоксикација од дроги кој се наоѓа во истата зграда со Инсајт. Во него се лекуваат луѓе кои сакаат да постигнат потполна апстиненција од дроги. Истиот Центар располага и со Транзициско одделение во кое се сместени клиентите кои го поминале процесот на детоксикација и се во исчекување социјалните работници од Онсајт да им најдат сместување и/или работа, што би придонело за полесна ресоцијализација.

Сепак интересна е замислата Центарот за детоксикација да биде сместен веднаш над Центарот за безбедно инјектирање на дрога. Пред влезната врата на Инсајт редовно има корисници на дроги и многу лесно може да се набави дрога. Знаејќи го тоа, луѓето кои се на детоксикација знаат дека веднаш на самиот излез од зградата можат да набават дрога и тоа им создава дополнителен притисок во пребродувањето на кризите и на детоксикацијата. Од друга страна, пак, луѓето кои користат дрога во Инсајт знаат дека доколку сакаат да

***Сепак интересна е замислата Центарот за детоксикација да биде сместен веднаш над Центарот за безбедно инјектирање на дрога. Пред влезната врата на Инсајт редовно има корисници на дроги и многу лесно може да се набави дрога.***

се детоксицираат можат веднаш да добијат таков третман во истата зграда.

Во секој случај, Онсајт забележува одлични резултати во поддршката за одвикнување од дрога.

**ВАНДУ (VANDU)**

„Мрежата на корисници на дроги на територијата на Ванкувер" (Vancouver Area Network of Drug Users) е мала организација составена од бивши и активни корисници на дрога, чија цел е подобрување на квалитетот на животот на корисниците на дрога.
Вработените во оваа организација имаат состаноци на неделно ниво и на состаноците присуствуваат голем број активни и бивши корисници кои разговараат за актуелните проблеми на оваа заедница.

Би издвоил и дека по барање на ВАНДУ, чиј Центар е сместен на една од пофреквентните улици во Ванкувер, брзината на возење на возилата на таа улица е ограничена на 30 км/час. Причина за тоа е што некои од корисниците на дрога не секогаш ја поминуваат улицата на пешачки премин што било причина за голем број сообраќајни несреќи. Овој пример укажува за влијанието на оваа организација кај властите во Ванкувер, но и за разбирањето на властите на Ванкувер за потребите на корисниците на дрога.

**Хотел „Стенли"**

Хотелот „Стенли" е место каде што најчесто се вдомуваат корисници на дрога. Хотелот располага со 70 соби и работи 24 часа. Во него се сместуваат бездомни корисници на дрога. Сместувањето е бесплатно и ги опфаќа оние корисници кои имаат најмногу потреба од тоа. За лицата сместени во хотелот се грижи тим кој им помага за храна, за редовно земање на лекови и сл.

**Терен ски тим за размена на прибор за инјектирање на Портландското друштво за здравство**

Основната задача на теренскиот тим е дистрибуција на стерилен прибор за инјектирање, како и собирање на употребениот прибор. Тимот работи 18 часа во едно денонoќие. Утринските активности се состојат од обиколка на градот и собирање на расфрлениот искористен прибор од јавните површини. Тимот е добро познат во градот и граѓаните можат да се јават на нивниот телефонски број и да пријават потреба за расчистување. Попладневните и вечерните активности најчесто се состојат во размена на прибор за инјектирање на одредени локации. Локациите, во зависност од потребите на клиентите, се договараат и по телефон.

Еднаш неделно тимот го посетува гратчето Аботсфорт кое е одалечено околу 1 час возење од Ванкувер, но административно припаѓа на провинцијата Алберта каде што за корисниците на дрога постојат порестриктивни закони од оние во Ванкувер. Корисниците на дрога и бездомниците не смеаѓ да бидат на улица во Аботсфорт и немаат никаква помош од градот, затоа тие најчесто живеат во блиската шума и посетата на овој терен ски тим има големо значење за нив. При посетата на оваа заедница беше многу интересно да се видат импровизираните места за живеење во шумата и кративноста во нивното опремување со кревети, телевизори на соларна енергија и сл.

**ВЦХ стоп-тим (VSH Stop team)**

ВЦХ стоп-тимот е составен од терен ски социјални работници чија обврска е овозможување социјална помош за бездомни лица во која спаѓаат и придружување, сместување во институции, вдомување и слично.

**Вашингтонско депо за игли (Washington Needle Depot)**

Вашингтонското депо за игли е проект наменет за корисници на дрога кои сакаат да останат анонимни.

Објектот во кој се применува оваа програма се наоѓа на нефреквентно место, во споредна улица, каде што корисниците на дрога можат да употребат прибор за инјектирање без да бидат забележани. Исто така, доколку имаат искористен прибор за инјектирање, можат да го остават на истото место.

***...по барање на ВАНДУ, чиј центар е сместен на една од пофреквентните улици во Ванкувер, брзината на возење на возилата на таа улица е ограничена на 30 км/час. Причина за тоа е што некои од корисниците на дрога не секогаш ја поминуваат улицата на пешачки премин што било причина за голем број сообраќајни несреќи.***

**Шелтер-центар „Нова фонтана" (New Fountain Shelter)**

Шелтер-центарот за корисници на дрога постари од 25 години има работно време од 19:00 часот до 09:00 часот следниот ден. Има посебен дел за жени доколку тие побараат да бидат посебно сместени. Интересно е дека во склоп на овој шелтер-центар има посебна просторија во која е дозволено пушење марихуана и крек за згрижените да не мораат да излегуваат да ги употребуваат овие дроги надвор од објектот во текот на вечерниот престој.

**Ресурсен центар на корисници на дрога (Drug Users Resource Centre)**

Овој Центар располага со повеќе простории наменети за најразлични активности, услуги и можности за корисниците на дрога како на пример: проекции на филмови, музико-терапија, кујна, место за состаноци, просторија за креативни работилници, дискусии и предавања, тушеви, перење на алишта и сл.

Се надевам дека успеав на читателите/-ките да им пренесам дел од моите искуства од ова студиско патување, иако е само мал дел од сè што имав можност да видам. Посетата на Ванкувер уште повеќе ме увери во успешноста на програмите за намалување на штети и колку преку нив може да се подобри квалитетот на животот на лицата кои употребуваат дрога.

Од она што го видов можам да кажам дека голем дел од овие проекти навистина би им помогнале на корисниците на дрога во Македонија. Како на пример, Скопје нема ниеден шелтер-центар во центарот на градот каде што бездомниците и корисниците на дрога најмногу циркулираат. Не постои ниту објект за вдомување бездомни лица. И секако, доколку постои легално место за инјектирање на дрога, корисниците на дрога би биле позаштитени, ќе се намалат количините на расфрлан прибор за инјектирање и инјектирањето на јавен простор, а со тоа директно ќе се заштити и поширокото население.

***Центарот содржи и „соба за опуштање" (chill out room) каде што клиентите можат да добијат кафе и сок, а понекогаш и храна.***

**Јасперине Шуп и Жано Шмит**



# Имаш ли контрола?????!

Колку можеш да ја контролираш употребата на дроги кај себе, твоето здравје и твојот живот? Пополни го тестот и избери го одговорот што најдобро те опишува. Со помош на овој тест откриј дали имаш „кочница" за дрогите. Среќно!

**1. Одиш на доктор за да му кажеш дека сакаш да се тестираш за хепатит Ц. По патот налетуваш на твојот дилер. Што ќе направиш?**

**А** Веднаш ќе се „средиш". Забораваш на докторот?
**Б** Прво ќе се „средиш", па ќе одиш на доктор.
**В** Прво ќе одиш на доктор, а потоа ќе се „почастиш".

**2. Во последно време толку се „напушуваш" со „кока" што забораваш да јадеш. Панталоните ти се „см`кнуваат". Што ќе правиш?**

**А** Ќе најдеш нови панталони – не сакаш да изгледаш како „влечко".
**Б** Ќе каснеш нешто пред да се „средиш". Кога си „напушен/-а" забораваш на сè.
**В** Додека „влечеш дим", јадеш чоколада за да ја одржиш телесната тежина.

**3. Се „спремаш" да набавиш „роба" и да се „средиш", ама не пред да:**

**А** си ги прибереш парите и да ги пикнеш в џеб.
**Б** оставиш дома дел од парите за да не ги потрошиш сите одеднаш.
**В** се преиспиташ себеси, да јадеш и да си купиш „карта" за автобус.



***„ Хероин, кока, спид, Х – сè имам пробано – Човече, многу е кул!"***

**4. Ти „улета" добра доза „кока". Што ќе правиш?**

**А** Сè ќе испушиш одеднаш.
**Б** Ќе ја поделиш на два дела и ќе испушиш едно луле на лице место за да се опуштиш. Другиот дел ќе го зачуваш за дома, за да имаш и за подоцна.
**В** Одвај чекаш да се „средиш", ама прво ќе побараш мирно и безбедно место за да уживаш на раат.

**5. „Фрибејзингот" е супер додека имаш кеш, тоа го знаеш. Што ќе направиш за да не паднеш „даун"?**

**А** По последниот „дим" ќе го допушиш она малку хашиш што го имаш одамна, а потоа ќе го прифатиш фактот дека нема „више".
**Б** Ќе „кркнеш цела шака таблети" што ти ги дал дилерот.
**В** Ќе „тркнеш" до кооперација и ќе купиш неколку пива.

**6. Треба да одиш на семеен собир. Што ќе направиш пред да појдеш?**

**А** Ќе се „напукаш" одеднаш со сите дроги што ги имаш. Роднините ти се „тупаџии" и мора да се „стонираш" за да издржиш во нивно друштво.
**Б** Ќе испушиш само еден џоинт. Не сакаш да се „стонираш" зашто не сакаш да правиш глупости. Затоа ќе користиш со мерка.
**В** Воопшто нема да одиш кај роднините. Ниедна дрога не ти помага да се справиш со нив.



***„Викаат дека таблава е појака од сите други – ЛУДИЛО!"***

**7. Ти снема кеш, а те тресе криза. Што ќе правиш?**

**А** Ќе украдеш нешто. Не можеш да издржиш повеќе.
**Б** Ќе пробаш да „изгребеш" пари во локалната кооперација со некоја срцепарателна приказна.
**В** „Заебано" е, ама ти не си лигуш. Ќе почекаш да помине кризата.

**8. Времето меѓу два „хита":**

**А** е колку што е можно пократко.
**Б** зависи од квалитетот на „коката".
**В** трае околу пола „саат". Потоа повлекуваш уште еден „дим".

**9. Тукушто набави нешто што ќе те крене. Што ќе правиш?**

**А** Ќе одиш на некое пријатно и мирно место.
**Б** Веднаш ќе почнеш со „фрибејзинг", пушење и „пукање".
**В** Ќе правиш „фрибејз" кај што нема полициски камери.

**10. Ти „збоктиса" од дроги. Бараат преголемо посветување и затоа:**

**А** засекогаш ќе се откажеш од дроги.
**Б** ќе се преселиш и со тоа ќе се среди сè.
**В** ќе намалиш со користење дроги



***„ Уффф! "***

Помалку од **18** поени – **Почетничко ниво**

Имаш уште многу да учиш како да се воздржиш од дроги. Имаш добри намери, ама совршенството треба да го потврдиш во практика. Нека не те разочарува твојот резултат. Поработи на себе и повтори го тестот за неколку недели.

Од **18** до **24** поени – **Напредно ниво**

Ти си на вистинскиот пат. Некогаш вистински господариш со дрогите, а друг пат и не толку успешно. Подразмисли малку за тоа кога ќе изгубиш контрола за да можеш да се справиш со дрогите. Го имаш тоа во себе и затоа потпри се на него!

Од **24** до **30** поени – **Мајсторско ниво**

Одлично се справуваш со употребата на дроги и знаеш што правиш. Продолжи така и сподели го знаењето со пријателите. Другите можат да учат од тебе и затоа можеш да се гордееш со себе.

**Резултати од тестот:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | А – 1 поен | Б – 2 поени | В – 3 поени |
| 2 | А – 1 поен | Б – 3 поени | В – 2 поени |
| 3 | А – 1 поен | Б – 3 поени | В – 2 поени |
| 4 | А – 1 поен | Б – 3 поени | В – 2 поени |
| 5 | А – 3 поени | Б – 1 поен | В – 2 поени |
| 6 | А – 1 поен | Б – 3 поени | В – 2 поени |
| 7 | А – 1 поен | Б – 2 поени | В – 3 поени |
| 8 | А – 1 поен | Б – 2 поени | В – 3 поени |
| 9 | А – 3 поени | Б – 1 поен | В – 2 поени |
| 10 | А – 2 поени | Б – 1 поен | В – 3 поени |

Преземено од:
**Mainline**, Issue 3, 2008
**http://www.mainline.nl**

**Франки**

Авторот е долгогодишен член на „**Наркотикс Анонимус**".

# Ја сакам дрогата, но не ги сакам последиците!

„Во здружението на 'Наркотикс Анонимус' (НА) дојдов после уште една типично зависничка драма од превара, грабеж и насилство во врска со дрога. Во тој очај, не знаејќи што друго да правам или кај да идам, се сетив дека стар познаник ми имаше спомнато за НА и дека им помага на зависници. Одлучив да се јавам и до ден денес го сметам како најважен телефонски повик кој го имам направено. За првпат се јавив негде каде што можев да добијам помош наместо кај дилерот. За првпат слушнав глас кој ми даде надеж, го разбираше јазикот на зависник и ми кажа каде има состанок на НА да отидам."

Јас сум љубител на дрога. Ја обожавав и долго време бев заљубен во неа. Иако живеев со прекрасна девојка и имаме син заедно, убава работа и многубројни пријатели, никогаш не можеа да ми ги задоволат потребите како што можеше дрогата. Ме сакаше само за себе и на крај успеа да ме одвои од сè што ми значеше во животот.

Гледајќи наназад, мојот однос со зависноста почна уште во рано детство кога почнав да вдишувам гасови од автомобили и охо лепак. Околу четирнаест години, кога првпат се опијанив како што треба, пронајдов дека ми помогна да се осеќам слободно, како сите инхибиции да ме напуштија и целата анксиозност и страв што го осеќав уште од детство престанаа. Во тоа време (поранешна Југославија) не можеше да се дојде лесно до дрога па така опивањето (во школо или кога „искачав") ми стана редовна навика. Доволно редовна да другарите веќе знаеја кога ќе почнам да пијам, често не можев да најдам мерка колку ми е доволно па ќе мораа да ме носат дома. Но сето тоа се разбираше како нормален дел од растењето и дека ке помине.

Реалноста искочи да биде поинаква. Пиењето продолжи и оваа немоќ да имам контрола над алкохолот е нешто што ми стана зедничко за сите други дроги кои ги користев. Кога заминав за странство и почнав да конзумирам други субстанци, како што е марихуаната, моето понашање беше исто. Како што почнав со алкохолот така и со тревата, од почеток беше убаво, друштвено, опуштено и добра забава и на крај стана опсесија. Ја користев компулсивно, право од спиење и пред спиење со џоинт, а преку ден параноја дали некој ме следи, дали некој зборува за мене, дали ќе имам доволно или ми треба уште и така натаму.

Конзумирана заедно со алкохолот во поголеми количини параноични халуцинации ми беа норма. Не знаев повеќе што е вистина, а што не. Под дејство на трева ми беше нормално да ја шверцувам преку граница кога се враќав од Амстердам или да носам поголеми количини во кола да ја продавам. Од нешто што мислев дека ми помага да се релаксирам и уживам во тоа, ја злоупотрбував марихуаната како што го злоупотребував кодеинот, валиумот, дијазипамот, екстази, кокаин и се друго што ке ми паднеше во рака.

Кога почнав да зимам хероин мислев дека си го решив проблемот. Се осеќав како конечно да стигнав на местото по кое секогаш трагав. После неколку месеци мислев дека е време да престанам и дознав што е криза. Исто дознав дека метадонот може да ми помогне да се симнам од хероин па така почнав и него да го користам, прво како лек, но потоа да го добијам истиот ефект како и од хероинот. Следните неколку години ги поминав највеќе со овие две дроги животот стануваше се потежок и потежок.

Иако ги сакав синот и девојката дрогата секогаш беше на прво место. Бизнисот што го имав почна да пропаѓа. Да излажам ми стана нормално или барем секогаш имав оправдување дека некој друг е виновен. На крај изгубив сè. Девојката отиде зошто не можеше да издржи повеќе. Пријателите што вредеа и сакаа да ми помогнат исто изгубија надеж. Толку пати ветував дека ќе престанам, но и покрај моите најдобри напори, едноставно не можев. Се обидував да ја намалам дозата, да земам дрога само одредени денови, да го променам местото на живеење, да најдам нова девојка (што знае паметно да се дрогира) и на неколку пати да изкризирам и оставам на недела или две или месец или два, но секогаш се враќав назад во истата ситуација, истиот свет, истите луѓе со кои се дрогирав, во истата изолација која ми стана толку вообичаено секојдневна. Се чувствував немоќен. Поточно, бев немоќен. Бев немоќен над опсесијата со дрога (постојаното мислење на неа), немоќен над компулсивноста кон неа (неспособноста да престанам да земам), немоќен над себичноста, зошто на крај, вистината беше дека, најважно од сè ми беше да ја задоволам својата потреба за дрога. Денес разбирам дека токму тоа се особини кои ме прават зависник. Проблемот не лежи во дрогата туку во мојот однос спрема неа. Едноставно има нешто во мене што, кога користам било кој вид на дрога, ме тера да губам контрола над неа. Истиот однос можам да го имам и према коцкањето, храната, порнографијата, сексот, некоја особа и други адиктивни работи.

Почнав да губам надеж дека можам да престанам и да прифаќам дека ќе умрам како „џанак". Бев во очај и повремено помислував да си го одземам животот но немав храброст за тоа. Бев потполно свесен дека ја изгубив битката со дрогата и дека немав избор дали ја користам или не. Едноставно, морав! Една ми беше премногу, а илјада никогаш доста. Но изгледа дека ова признание дека ја изгубив битката со дрогата беше нешто што ми требаше. Почнав да бидам поотворен кон можноста дека некој друг освен мене и тие со кои земав дрога може да ми помогне. Почнав да одам по доктори, установи кои имаа психотарапевти, почнав пак да читам за зен будизам, но не можев да најдам начин како да престанам. Сакав да се вратам во светот на обичниот живот, чезнеев за тоа, но не знаев како. Не познавав ниту еден друг зависник кој успеал да престане.

Во здружението на „Наркотикс Анонимус" (НА) дојдов после уште една типично зависничка драма од превара, грабеж и насилство во врска со дрога.

***Јас сум љубител на дрога. Ја обожавав и долго време бев заљубен во неа.***

Во тој очај, не знаеќи што друго да правам или кај да идам, се сетив дека стар познаник ми имаше спомнато за НА и дека им помага на зависници. Одлучив да се јавам и до ден денес го сметам како најважен телефонски повик кој го имам направено. За првпат се јавив негде каде што можев да добијам помош наместо кај дилерот. За првпат слушнав глас кој ми даде надеж, го разбираше јазикот на зависник и ми кажа каде има состанок на НА да отидам.

Од тука почна мојот пат кон мојот нов живот. На првиот состанок ништо не разбрав и не ми се веруваше дека во соба од околу триесет луѓе голем број беа чисти, изгледаа здрави и насмеани. Атмосферата беше пријатна и ако бев нервозен се осеќав сигурно. Почнав да идам на состаноци редовно, да слушам и видов дека не сум сам, дека многумина го поминале мојот пат и успеале да се очистат од дрога. Ми даде надеж дека би можел и јас да престанам. Арогантен каков што бев, сакав да им докажам дека алкохолот не е дрога, кај нас во Македонија тоа е дел од културата и нормално е да се пие по чаша вино за вечера или ракија за прослава, дека повремен џоинт на никого не му нашкодил. Никој не ми рече ништо, осим да продолжам да доаѓам на состаноци. Иако од време на време ќе изкризирав и ќе се тргнев од метадон и хероин, алкохолот и тревата ќе ме вратеа назад. Светот на зависноста сè уште имаше јако влијание над мене и порано или подоцна, во друштво на други што земаа дрога, ќе почнев пак да користам, и пак ќе завршев на истото очајно место, секој пат подлабоко и подлабоко.

Но сега знаев дека постои начин и пак ќе отидев на состанок на „Наркотикс Анонимус" и ќе добиев нова надеж. Луѓето кои беа чисти ме подржуваа и ме убедуваа дека ако можеле тие можам и јас. Знаев дека не лажат за тоа како зимале дрога и каков им бил животот, на некои многу потежок од мене на некои не. Ми рекоа дека „Наркотикс Анонимус" обеќава само една работа, а тоа е слобода од активно користење на дрога. Во тоа време користев „сè и сешто", а толку имав желба да престанам. Гледајќи назад, таа желба беше и најважното што ми требаше, за да еден ден, на еден од тие состаноци на НА, длабоко во себе признам дека ја изгубив војната со дрогата, дека бев немоќен над неа и ми го уништи животот на мене и тие околу мене. Исто бев свесен дека НА ми пружаше живот без дрога, бев со луѓе кои знаеа како да бидам и останам „чист" и сакаа да ми помогнат и не бараа ништо од мене за возврат.

Таа вечер одлучно фрлив сè што имав и следниот ден на 13 јули 2001 година ми беше првиот потполно чист ден од сите субстанции кои ми ја менуваа состојбата на свеста. Сега знам дека оставањето на дрога не е тешкиот дел – тешкиот дел беше како да живеам без неа. Во НА научив како да го направам тоа, го научив од зависници кои го поминале мојот пат и знаеја со што бев соочен. Продолжив редовно да идам на состаноци, најдов спонзор (ментор) кој ми помогна да ги поминам дванасетте чекори, кои се темел на програмата на „Наркотикс Анонимус". Чекорите ми помогнаа да се научам како болеста на зависноста ме афектира. Ми помогнаа да се соочам со минатото, со големото чувство на вина и срам поради животот што го живеев. И ми помогна да ми се врати самодовербата, да земам одговорност за својот живот и




***„Наркотикс Анонимус" е денес присутно во 129 земји низ светот со околу 68000 состаноци неделно. Здружението на НА постои од 1953 година и има 60 години искуство од илјадници зависници кои успеале поразот да го претворат во победа.***

да станам дел од решението наместо да останам дел од проблемот. Со помош на НА успеав да престанам и останам чист во истата средина во која толку долго време земав дрога. Животот денес ми е многу поинаков од тоа време. Не само што сум слободен од дрогата туку, за некое чудо, сето тоа што го барав во дрогата го добив откако престанав да ја користам. Спокојот што секогаш го барав повеќето од времето го имам во себе, способен сум да бидам татко на извонреден син, да бидам брат, да бидам син како што треба. Да имам малку интегритет и гордост во себе и да не се срамам повеќе кога ги гледам луѓето в очи.

Сè уште одам на состаноци на НА. Сè уште сум зависник (кој не користи ништо) и не се срамам од тоа, и слободен сум да го живеам животот онака како што сакам. Сето тоа го добив во „Наркотикс Анонимус".

Сега сум тука, во Скопје на подолг период и би сакал да им пренесам порака на тие што им е смачено од земање дрога, дека е можно да се престане и да се живее без неа. Се надевам дека некој ќе се поистовети со мојата приказна и ќе дојде да нè посети на состанок. Не мора да бидете чисти, секој е добродојден.

Ова е краток опис на здружението: „Наркотикс Анонимус" е непрофитно здружение, или друштво на мажи и жени на кои дрогата им претставува сериозен проблем. Ние сме зависници кои се закрепнуваме од употребата на дрога и редовно се состануваме за да си помогнеме еден на друг за да останеме чисти. Многумина од нас успеваат да престанат да користат било каков вид на дрога. Има само еден услов за членство, а тоа е желбата да се престане со дрогирање.

НА не прикачува никакви обврски. Нашето здружение не е поврзано ниту со една институција или организација, не се плаќа членарина ниту се водат било какви белешки или записници. Секој може да ни се придружи и сите членови се потполно еднакви.

„Наркотикс Анонимус" е денес присутно во 129 земји низ светот со околу 68000 состаноци неделно. Здружението на НА постои од 1953 година и има 60 години искуство од илјадници зависници кои успеале поразот да го претворат во победа.

Во Скопје сега редовно се одржуваат состаноци на НА на кои зависници, без терапевти и стручњаци, го споделуваат своето искуство, сила и надеж. Анонимноста е најважен принцип за да се зачува безбедноста на членовите кои доаѓаат.

*П.С. „**Наркотикс Анонимус**" не е единствена организација која им овозможува подобар живот на зависниците. Иако сме самостални и не сме поврзани со никого, нашата намера е да соработуваме со други организации на ова поле.*

Јавете се на **077/810-208** или дојдете на состанок секој вторник и четврток во 18:30 и сабота во 16:30 во Пајко маало (Адвокатска Улица) бр. 4, Скопје. ■

***„Таа вечер одлучно фрлив сè што имав и следниот ден на 13 јули 2001 година ми беше првиот потполно чист ден од сите субстанции кои ми ја менуваа состојбата на свеста. Сега знам дека оставањето на дрога не е тешкиот дел – тешкиот дел беше како да живеам без неа. Во НА научив како да го направам тоа, го научив од зависници кои го поминале мојот пат и знаеја со што бев соочен.***

**Деспина Стојановска**

# ШТО ВЕ ПРАВИ СРЕЌНИ?

Психолог, психотерапевт. Работи во ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, со специјалност за третман на маргинализирани заедници и во Прв семеен центар на Град Скопје, како психотерапевт со жртви на семејно насилство. Работи според психолошката теорија на трансакциска анализа, интегративен пристап во психотерапијата.

Низ мојата пракса како психотерапевт во Центарот за ресоцијализација и рехабилитација на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, успеав, низ одредени случаи, да потврдам дека деструктивното животно сценарио на луѓето кои користат дроги може да се промени. Единствен предуслов е свесност на личноста дека постои тоа, за тоа кои се неговите содржини и процеси, но и за подрачјата во кои влијае.

Едно од прашањата, кои често ги користам додека работам психотераписка сеанса со луѓе кои во минатото користеле дрога, е токму тоа. *Што те прави среќен/-а?*

Навидум е едноставно прашање и би требало одговорот да се појави спонтано, со изразено задоволство во фацијалната експресија и да поттикне свесност за моментите на среќа. Но, луѓето често се збунети и не знаат што треба да кажат. Среќата е водилка во успешноста на човекот, му ја дава потребната сила и мотив да поставува цели и да се движи понатаму во животот.

Поттикната од овој увид, дека луѓето не се свесни за малите нешта кои ги прават среќни и задоволството го бараат во некои нереални цели, одлучив да напишам текст за несвесниот план кој нè води низ секојдневниот живот.

Уште во раното детство човекот е подложен на најразлични влијанија, има модели на идентификација и рани искуства кои се основна подлога за градење на емотивниот живот, когнитивната шема, вредносниот систем, но и за сликата за себе и за светот во кој живее. Влијанието на тие искуства може да предизвика пријатни и непријатни доживувања кои претставуваат база за формирање на несвесниот животен план, односно животно сценарио кое ги води луѓето во сите аспекти од живеењето.

Животното сценарио може да биде конструктивно, деструктивно или здодевно, односно победничко, губитничко или банално.

**Што значи да бидеш победник?**

Победник е оној кој тоа што ќе го посака го остварува, а притоа е среќен. Може да се случи да погреши, но секогаш има смислено втор план. Свесен е дека вистинскиот пат не е најкраткиот, туку оној со најмалку препреки. Во победничкото сценарио човекот ги постигнува своите цели кои си ги поставил сам, но притоа ниту на себе ниту на другите не предизвикува штета. Кога ќе стигне до целта се чувствува среќно и задоволно, а целите можат да бидат најразлични. Некој ќе си постави цел да биде богат, друг ќе сака да биде осамен и изолиран, трет ќе има цел да стане познат уметник и сл. Луѓето кои го имаат ваквиот несвесен план знаат како да го одржат.

**Губитничко животно сценарио**

Губитничкото животно сценарио е карактеристично за луѓе кои не ја постигнуваат својата цел. Несвесно го бираат најтешкиот пат, со најмногу пречки. Без разлика дали некогаш ќе ја постигнат целта, самото патување е макотрпно и на крај изостанува уживањето во успехот. Многу луѓе не се свесни за своето губитничко сценарио. Кога животот ќе стане исклучително тежок тие почнуваат да се жалат и да бараат начин како да излезат од него. Преземањето на нови активности и инволвирањето на други луѓе само ќе им помогне полесно да ги поднесат негативните аспекти, но не и да доживеат автентично задоволство бидејќи едноставно не знаат како се прави тоа.

**Банално животно сценарио**

За разлика од претходните две, постојат луѓе кои животот го живеат без победи и без порази, незанимливо и здодевно, односно го живеат своето банално животно сценарио. Плашејќи се од губитоци и трагедии, ваквите луѓе не преземаат активности за постигнување на среќа и задоволство, туку едноставно чекаат услови и прилика да победат. Без разлика дали некогаш ќе ги дочекаат тие услови, немаат храброст да го направат првиот чекор кон остварување на своите цели. Можеби некогаш ќе победат, некогаш ќе изгубат, но никогаш тоа нема да се случи со полно задоволство бидејќи не сакаат да го преземат ризикот доколку работите појдат во несакан правец.

**Животни сценарија кај луѓето кои употребуваат дроги**

Најчесто најголем број луѓе имаат мешаница од губитнички, победнички и банални елементи во сопственото животно сценарио. Одлуките во детството можат да бидат донесени во однос на работата, па таму да биде победник, во однос на личните контакти да биде губитник, во однос на телесните активности може да биде баналец итн. Затоа е добро ваквата анализа, низ оваа психолошка теорија, да ја разбереме релативно бидејќи секоја индивидуа си има свои лични критериуми за среќа.

Низ мојата пракса како психотерапевт во Центарот за ресоцијализација и рехабилитација на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот, успеав, низ одредени случаи, да потврдам дека деструктивното сценарио на луѓето кои користат дроги може да се промени. Единствен предуслов е свесност на личноста дека постои, за тоа кои се неговите содржини и процеси, но и за подрачјата во кои влијае. Покрај свесноста, индивидуата е потребно да сака да направи промена бидејќи никој не може да биде променет доколку не го посака тоа самиот. За излез се потребни нови одлуки, специфични вештини и активности. Токму улогата на психотерапевтот кој работи со луѓе

***Луѓето кои во минатото користеле дрога најчесто имаат впечаток дека не се среќни и дека „водат тешка битка со животот". Низ разговор успеваат да видат дека навистина има можност да се направи промена и цврсто да зачекорат кон победата и автентичното задоволство.***

кои во минатото користеле дрога е да го зголеми нивото на свесност и да даде соодветен начин за изградба на новото сценарио. Иако често се случува да се премине од едно губитничко сценарио во друго, од банално сценарио во губитничко сценарио, па ду-ри и од победничко сценарио во губитничко сценарио, во процесот на рехабилитација искуството покажува дека преку анализа на ваквото несвесно дејствување со истрајна и правилна поддршка од страна на стручното лице кое работи со корисникот, како и со неговото семејство, на крајот може да се очекува доживување на успех, задоволство и среќа на повеќе животни аспекти.

Иако моето искуство, низ примена на психолошката теорија на трансакциската анализа, во работата со луѓе кои користеле дрога е релативно кратко за да можам да понудам конкретни примери, сепак, кај тие кои редовно доаѓаат на закажаните средби и активно работат на себе се видливи позитивни промени во поглед на справување со животните предизвици.

Како психотерапевт многу ми е важно да направам добра проценка на животните аспекти во кои се појавува животното сценарио. Доколку лицето стане свесно дека има победничко сценарио и е успешно на одредено поле, тоа ќе му помогне успешната стратегија да ја примени и на останатите полиња. Луѓето кои во минатото користеле дрога најчесто имаат впечаток дека не се среќни и дека „водат тешка битка со животот". Низ разговор успеваат да видат дека навистина има можност да се направи промена и цврсто да зачекорат кон победата и автентичното задоволство.

Луѓето кои доаѓаат во Центарот за рехабилитација и ресоцијализација, а во минатото користеле дрога, баналното животно сценарио го доживуваат како вистински атак врз себе. Навикнати да живеат во екстремности, ваквиот мирен начин на живот им претставува преживување, односно нетрпеливо очекување за следната фаза. Изборот на таа следна фаза може многу лесно повторно да биде губитнички, но токму работата на психотерапевтот е да даде целосна поддршка во изборот на позитивни одлуки што нема да нанесат штета ниту на личноста ниту на околината.

Лекување на зависноста или апстиненцијалниот период се фазите во кои луѓето кои користеле дрога имаат впечаток дека се крајно губитнички. Иако го направиле првиот чекор да излезат од едно деструктивно сценарио, позитивниот резултат и среќата ги доживуваат како недостижни. Процесот на рехабилитација и ресоцијализација сам по себе е победнички, но соочувајќи се со сите искушенија тие го доживуваат како тежок, напорен, неподнослив, губитнички. На психотераписките средби сами велат дека не го гледаат излезот, но набрзо согледуваат дека полесно поминува овој период кога активно се соочуваат со своите животни сценарија и притоа добро ја дефинираат целта. Мојата улога како психотерапевт е да ги водам низ процесот на развој на личноста и низ освестување на моментите кога деструктивно се однесуваат спрема себе и околината, но и да направат адекватна промена во однос на губитничкото животно сценарио.

**За крај**

Животот воден од несвесното сценарио е живот со непотребни ограничувања. Промената може да настане на два начина: ако се случи кардинален пресврт во облик на трагедија или голема среќа, или ако се работи на себе низ континуиран процес на психотерапија каде што би се освестиле животните сценарија со поддршка на искусен и посветен психотерапевт.

Вториот начин можеби е подолготраен, но со сигурност води кон позитивен развој, зајакнување на сопствените добри страни, доживување на автентично задоволство и личен успех и најбитно, постигнување на вистинска, лична среќа.

***За излез се потребни нови одлуки, специфични вештини и активности. Токму улогата на психотерапевтот кој работи со луѓе кои во минатото користеле дрога е да го зголеми нивото на свесност и да даде соодветен начин за изградба на новото сценарио.***

**Приказна за момчето**

Водена од потребата да добијам некоја информација повеќе за светот на луѓето кои користат дрога, решив да купам книги, стручна литература или романи поврзани со темата. Со таа цел појдов на Плоштад Македонија кај жената со стари книги и се израдува кога и кажав што барам овојпат. Вели:

- *Ти се верува ли дека вчера еден дечко дојде и донесе цело купче книги баш за дрога?* Рече дека сите биле негови.

- *Еј, супер!* –реков.

Ги разгледав, десетина книги и решив да ги купам. Уште вечерта се мислев која прво да почнам да ја читам, па одлучив тоа да биде најстарото издание. Не беа многу сочувани, но не ми беше битно. Книгата издадена `88 година нудеше одличен, стручен опис за појавата на дрогите во тоа време. Набрзо забележав дека претходниот читател подвлекувал делови од книгата и допишувал од страна негови коментари. Беа подвлечени деловите за видови дроги и доживувањата кои ги нудат тие.

Нестрпливо ги отворав и следните книги. Во наредните неколку изданија ги имаше подвлечено пасусите кои се однесуваа на влијанието на користење дрога врз целокупниот семеен, професионален, емотивен итн. живот.

Потоа, претпоставувам за него последните книги кои ги читал за дрогите, имаше посветено повеќе внимание на тоа како може да се лекува зависноста и како да се помогне во ресоцијализација на корисникот.

Си направив моја слика за момчето. Не знам дали е точна, но не е битно. Во глава ми останаа две прашања:

- Дали книгите ги продал бидејќи завршил со таа „приказна", па не сака ништо да го потсетува на тој период?! Или пак, „ја губи војната со зависноста", се откажува, па не му се потребни тие книги?!

Спроведување психолошка анализа на виртуелен лик не е лесна, па дури и невозможна. Но, со цел да се објасни функцијата на нашите несвесни двигатели, се обидов тоа да го сторам низ овој пример на момче кое реално некаде постои.

Посакувајќи да направи промена во својот живот и да излезе од баналното сценарио кое воопшто не му е атрактивно, момчето, сосема случајно, навлегува во еден нов свет, во нова животна авантура каде што среќата и задоволството се секојдневје. Трагајќи по сè повозбудливи доживувања, ја губи целта додека ужива во „патувањето". Се дружи, излегува, се информира преку книги за тоа што да „земе" и што ќе почувствува следниот пат. По извесно време почнува да пропаѓа на другите полиња. Сфаќа дека не е победник оној кој само во еден одреден аспект е исполнет, а во останатите сè се урива. Врсниците „тераат сосема друг филм". Додека тие читаат стручна литература од најразлични универзитетски области, тој чита како неговиот живот заминува во неодреден правец. Не му била таа целта кога сакал да избега од баналноста. Следниот чекор му е активна работа на себе, промена на сопствените критериуми за среќа, враќање на изгубеното и потрага по победата.

Не знам дали успева, но се надевам дека е така.

И за крај, останува отворена можноста дека ги продал своите драги книги за „роба".

**Елеонора Чичевска**

Дипломиран педагог и завршени магистерски студии на отсекот - Педагошки науки.

# Педагошка поддршка за децата чии родители употребуваат дроги

Мојата мисија како педагог во центарот „Чекор напред" беше да ги намалам штетните последици од семејните односи врз детето и притоа да се изборам за негово редовно школување со цел да се изгради како целосна личност, како што, впрочем, прилега на едно дете во сестрано развиена средина.

Секој е одговорен за својот живот, но кога имаме дете одговорноста расте, па покрај тоа што сме одговорни за себе, одговорни сме и за правилниот психофизички развој на своето дете во рамките на семејството и средината во која живее.

Моите почетоци како педагог започнаа во Здружението ХОПС- Опции за здрав живот Скопје, поточно на проектот *„Чекор напред – Развој на алтернативни програми за сексуалните работници и нивните семејства*". Ова беше пилот-проект чија цел беше да им се овозможат програми за доедукација и доквалификација на сексуалните работници и нивните семејства. Сите активности предвидени со овој проект се реализираа во центарот „Чекор напред" кој им беше достапен на сите клиенти кои имаа потреба да ги користат услугите што ги нуди центарот. Иако траеше само една година, сепак, зад себе остави големи успеси, но истовремено и можности за продолжување на она што беше наша мисија и цел.

Низ моето работно искуство како педагог имав прилика да се запознаам со различни животни приказни видени низ детските очи. Секоја од нив во себе имаше тежина која, за жал, и детето мораше да ја носи на своите плеќи. Една таква приказна која ме трогна, пред сè, како човек и ја разбуди целата моја професионалност како педагог беше приказната за детето кое никој нема да го остави рамнодушен при првата средба. Неговата животна приказна ја доживеав како море, бескрајно море што често беше разбранувано од бура што му ја носеше животот. Живееше со родители, двајцата корисници на дрога, од кои едниот родител беше и сексуален работник, па оттука произлезе и можноста детето активно да ги користи услугите што ги нудеше центарот „Чекор напред". Детето се соочуваше со ситуации кои тешко може да ги разреши дури и возрасен човек. При работата со него забележав два големи недостатоци – несоодветна грижа од страна на неговите родители и дефицит во неговите знаења, иако знаев дека има посетувано редовно училиште. Мистериозноста која продираше низ очите на детето уште толку го распламти пламенот и ентузијазмот кај мене. Единствено во што бев сигурна беше тоа дека преку играта, како најадекватен начин за да се изрази детската личност, можам да допрам длабоко во неговата душа, дури и до најскриените комори каде што длабоко се чуваат детските желби.
Благодарение токму на детските игри, целосно продрев во детската личност. Но, најголемите прашалници што ми се вртеа низ главата се однесуваа на тоа каде е проблемот што детето не оди на училиште иако веќе беше започната учебната година.

Секако, бидејќи стануваше збор за малолетно лице, најнапред го повикав родителот да ми даде одговор на некои прашања. Приказната која ја носеше родителот не беше лесна за слушање. Секој ден исполнет со неизвесност, борба за да се дојде до посакуваните цели, страв од тоа што нè очекува утре. Родителот како причина зошто детето не оди во училиште ми ја посочи големата оддалеченост од домот каде што живеат до училиштето и неможност секој ден тој да го носи и да го зема детето од училиште.

Иако јас како професионалец, од една страна и родителот, од друга страна имавме различни ставови во однос на грижата на детето, сепак, бевме сложни дека детето мораме да го вратиме во училиште.

Целокупниот тим кој работеше на проектот *„Чекор напред",* социјалниот работник, педагогот и психологот, отидовме до училиштето со можност да дејствуваме на моралните и професионалните обврски на вработените таму за детето да може повторно да се вклучи во наставата. Тие најнапред ни рекоа дека се запознаени со целиот случај, со животната приказна на детето. На првата средба љубезноста од страна на службите во училиштето беше повеќе од очекувана или, пак, ненајавената средба од наша страна направи да добиеме таков впечаток за функцијата на училиштето. Но, сепак, ентузијазмот и мотивот овој случај да има успешен крај ни се зголемија. Откако кажавме зошто сме дојдени во училиштето, полека насмевката од лицата ни се оттргна. По краток разговор од околу 10-тина минути, училиштето излезе со став дека според нивните ингеренции тие не можат да донесат самостојна и конечна одлука за овој случај и затоа треба да поднесат писмено барање до Државниот инспекторат за образование и да чекаат тие да одлучат за тоа дали детето ќе се врати во училишните клупи или не. Од училиштето не ни даваа јасна причина зошто детето не може да биде вратено во редовно школување, па оттука произлезе и мојот сомнеж дека детето е всушност дискриминирано поради неговите родители кои употребуваат дрога. Времето безмилосно одминуваше за детето. Незивесноста за тоа дали повторно ќе биде со неговите другарчиња од училишните клупи сè повеќе растеше. Од средбата поминаа веќе неколку месеци, но од училиштето не добивме никаква информација ниту можен одговор. Иако често се обидував да стапам во комуникација со тимот од училиштето, не беше лесно да се воспостави соработка бидејќи постојано изнаоѓаа изговори дека не се во можност да разговараат со нас. Но, и покрај многуте препреки, нашите настојувања не застанаа на тоа. Воочивме дека вратите на тимската

***Моите почетоци како педагог започнаа во Здружението ХОПС- Опции за здрав живот Скопје, поточно на проектот „Чекор напред – Развој на алтернативни програми за сексуалните работници и нивните семејства". Ова беше пилот-проект чија цел беше да им се овозможат програми за доедукација и доквалификација на сексуалните работници и нивните семејства.***

соработка помеѓу училиштето и нас, како Здружение на граѓани, полека се затвораат и затоа повторно активно го вклучивме родителот, тој да ја преземе целосната одговорност во однос на овој случај, секако, со целосна поддршка од наша страна. По неколку барања до училиштето од страна на родителот, успеавме да дојдеме и до конечниот успех, односно од наредната учебна година детето повторно да биде дел од неговото одделение.

Навидум изгледаше дека службите од училиштето навистина ја немаат одговорноста за да го вратат детето во редовно образование, но кога подлабоко ќе погледнеме низ призмата на проблемот, ќе видиме затскриени стигматизирачки и дискриминирачки ставови спрема детето поради осуда за однесувањето на неговите родители. Самиот Закон за основно образование кажува дека на секое дете мора да му се овозможи редовно школување и се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на овој Закон. Вработените од училиштето бараа различни изговори само за да се ослободат од обврската и одговорноста што ја имаат пред себе, а тоа беше да му овозможат детство, како и на секое останато дете, да му дадат подеднаков пристап и третман на детето чии родители беа корисници на дрога. Да, луѓе кои користат дрога, кои направиле таков избор во животот, но дали децата треба да бидат жртви на општествениот систем! Дали децата на луѓето кои употребуваат дроги се должни да ја трпат стигмата од општествените институции на која се изложени нивните родители?

Мојата мисија како педагог во центарот „Чекор напред" беше да ги намалам штетните последици од семејните односи врз детето и притоа да се изборам за негово редовно школување со цел да се изгради како целосна личност, како што впрочем прилега на едно дете во сестрано развиена средина.

***Иако јас како професионалец, од една страна и родителот, од друга страна имавме различни ставови во однос на грижата на детето, сепак, бевме сложни дека детето мораме да го вратиме во училиште.***

Секојдневно му помагав на детето да го совлада наставниот материјал што во вообичаени услови требаше да го учи со своите соученици. Заедно ги игравме сите оние игри кои во вообичаени услови требаше да ги игра со неговите врсници. Не беше тешко да се постигне успех со детето бидејќи тоа имаше голема желба за учење и чувствуваше голема потреба повторно да биде со своите другарчиња од одделението. Исто така за нас беше голем успех тоа што успеавме да издејствуваме кај нашите колеги од училиштето детето да се врати во училишните клупи од следната учебна година. Но, успехот ќе беше уште поголем доколку не изостанеше соработката помеѓу училиштето како институција и нас како Здружение на граѓани. Иако проектот „Чекор напред" им овозможи не само на ова дете туку и на многу други деца да ги уживаат своите права и да уживаат во нивното детство, сепак финансирањето од страна на донаторот на овој проект беше предвидено само на една година. Но, и по затворањето на центарот „Чекор напред" имав неколку случајни средби со родителот на детето. При секоја средба родителот со насмевка на лицето ќе ми изразеше голема благодарност за сè што сторивме за детето и што заеднички помогнавме да биде одличен ученик, да не ја изгуби љубовта спрема училиштето и покрај тоа што имаше силна причина да го направи тоа. Единствено што можев да одговарам на тоа беше: - Ништо посебно не направив за Вашето дете! Го направив само она што сметам дека секој друг педагог би го направил за својот ученик!

Искрено се надевам дека оваа приказна, за која не можам да кажам како ќе се одвива понатаму, ве натера да размислите подлабоко за тоа дали децата треба да бидат жртви на општествените стереотипи и на институционалните слабости и дали ние, пред сè, како луѓе, а потоа и како професионалци можеме да се носиме со грижата на совест да му ги скратиме благодетите на детето што му ги носи најубавиот период од животот, а тоа е детството.

Ова е само еден случај од многуте кои ја побараа поддршката од нашиот центар, но има многу такви кои немале и сè уште немаат или не знаат каде да побараат помош. Токму поради тоа останува отворена потребата од отворање на повеќе центри кои ќе нудат поддршка на родителите од општествено маргинализираните заедници, особено оние што живеат на работ на егзистенцијата. Да ги отвориме широко рацете за оние кои се на маргините, сите заеднички да допреме до најранливите групи и да создадеме можност за подобар и полесен живот на сите.

***Самиот Закон за основно образование кажува дека на секое дете мора да му се овозможи редовно школување и се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на овој Закон.***

**Ирена Цветковиќ**
**и Анастас Вангели**

# ОД ГАНЦА СЕ УМИРА САМО АКО ТЕ ФАТАТ „АЛФИ"

Стари блогеришта

Последниве денови, на почетокот на предизборната кампања за претседателски, но и парламентарни избори, бевме сведоци на помпезна полициска акција наречена МРЕЖА која спектакуларно беше најавена и прикажана во медиумите, а чиј исход беа 5 грама марихуана, два џоинта и 300 семки.

Пред околу десетина години, тогаш популарниот блогер Вуна на исклучително креативен начин отвори едно горливо прашање во нашето општество: третманот на лицата кои употребуваат дроги од страна на Полицијата. Имено, Вуна на својот блог објави банер со следнава содржина: „**Од ганџа се умира само ако те фатат 'алфи**"". Оваа визуелизирана порака стана вистински хит не само во виртуелниот простор, туку и во физичкиот, преку дисеминирање на „стикерот" на јавни површини од страна на млади луѓе кои ја препознаа важноста на оваа кратка, но силна порака.

По долго време го прашавме Вуна за неговата мотивација, а тој ни одговори дека во тој период (околу 2006 год.) имало еден тренд на „crackdown" на луѓе што рекреативно користат марихуана од страна на Полицијата, а честопати се слушале и приказни за полициска бруталност при апсење или при изнуда на признание во станица. „Тоа се разбира не беше исклучителна ситуација во 2006, такви периоди имало и ќе има, но тој период бар за мене тоа стана ептен видливо и горливо прашање. Згора на тоа, таквите полициски акции се пропратени со јавна кампања за штетните последици од користење марихуана (демек се умира од дување). Од друга страна, културата на конзумирање марихуана е крајно мирољубива, а марихуаната во споредба со сите останати дроги, сама по себе безопасна. Од таму логиката на стикерот, дека дувањето само по себе нема да ти наштети, ама ако те фати полиција, па уште ако те зачукаат, е тогаш ќе имаш последици" – ни раскажа Вуна.

Појавувањето на банерот временски кореспондира со периодот кога се појавија Алфите кои, според Вуна, во споредба со нивните претходници (НТШ) се наметнаа како многу поригорозни, но и посклони кон насилство. „Не се сеќавам точно, но тој период кореспондираше и со случајот Трајан Беќиров (мислам дека стикерот го направив пред); како и да е, тоа беше период во кој Алфите беа страв и трепет по скопските улици" – вели Вуна.

Последниве денови, на почетокот на предизборната кампања за претседателски, но и парламентарни избори, бевме сведоци на помпезна полициска акција наречена МРЕЖА која спектакуларно беше најавена и прикажана во медиумите, а чиј исход беа 5 грама марихуана, два џоинта и 300 семки. Веста прилично ги размрда социјалните мрежи, па многу млади луѓе сосема легитимно го поставија прашањето на злоупотреба на лицата кои користат дроги преку оцрнување и криминализација во изборните кампањи. Сеќавајќи се на вакви слични реторики од минатото, Вуна ни раскажа дека уште пред да го направи банерот тој напишал и еден текст насловен „Алфа збира" критички настроен кон тогашната Влада на Бучковски и министерот на Полицијата Џанго. „Полицијата тогаш (а и сега) се фалеше со нивната ефикасност ´(ко демек кузнае колку се јаки што апсат деца со по 0,1 грам), и Алфите беа фалени ко особено заслужни за ова. А во позадина на тоа се криеше цел систем на страв, репресија и насилство." – се потсетува Вуна.

„Мислам дека во тој период моите колумни кои ги отвараа овие прашања беа позитивно примени помеѓу активистите и засегнатите личности, но имаше и многу негативни реакции од различни страни (пр. 'џанаците сами си го бараат'). Но, стикерот стана вирален, особено на тогашната 'блогосфера' и по некои форуми; после тоа чат-пат го имам приметено да се појави низ социјални медиуми, и залепен по некои места низ град. Најмногу се израдував кога скоро стикерот ми го покажуваше некој лик многу помал од мене (демек 'види брат'), и после не ми веруваше дека јас сум автор Ј" – заврши Вуна, оставајќи на нас секогаш одново да ја отвораме темата на полициската и на системската бруталност кон лицата кои употребуваат дроги. ■

***„Појавувањето на банерот временски кореспондира со периодот кога се појавија Алфите кои, според Вуна, во споредба со нивните претходници (НТШ) се наметнаа како многу поригорозни, но и посклони кон насилство."***

**Воскре Наумоска Илиева**

# Конференција: Достапност на третманот за хепатит Ц за корисници на дроги во РМ-добри практики и предизвици

Програмска асистентка за застапување во ХОПС. Седумгодишно искуство во давање и во организирање сервиси за маргинализирани заедници (сексуални работници, корисници на дрога, ЛГБТ).




Од 14 до 16 март 2014 година во Охрид, ХОПС со поддршка на ФООМ организираше Конференција на тема „***Достапност на третманот за хепатит Ц за корисници на дроги во Република Македонија – добри практики и предизвици***". На Конференцијата учествуваа претставници од: ЈЗУ „Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија", ЈЗУ „Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби", одделенијата за инфективни болести во општите болници во Куманово и во Охрид, Фондацијата „Отворено општество – Македонија", здруженијата „Заедно посилни", „Доверба" и „ХОПС – Опции за здрав живот Скопје" и фармацевтските претпријатија „Рош" – Македонија и „МСД – Шеринг Плау" – Македонија. За развојот на дискусиите особено придонесоа гостите-учесници од Грузија, Арчил Талаквадзе (Archil Talakvadze), заменик-министерот за правда и извршување санкции на Грузија и Пата Сабелашвили (Paata Sabelashvili), менаџер на Грузиската мрежа за намалување на штети. Тие ги презентираа нивните искуства со воведување третман на хепатит Ц во затворите и намалување на цената на лековите за хепатитис Ц за повеќе од 50%.

Во фокусот на дискусиите на Конференцијата беа прашањата за подобрување на пристапот и за условите за лекување на хепатит Ц кај луѓето кои употребуваат/-ле дроги, а имаат потреба од таков третман. Се разговараше за проблемите во следењето на податоци поврзани со преваленцата на хепатит Ц, за скринингот за добивање поголем увид во преваленцата, за податоците за бројот на лица кои се на третман за хепатит Ц, како и за непријавување на случаите на хепатитис Ц.

Според досегашните спроведени биобихејвиорални истражувања помеѓу корисниците на дроги, во Македонија околу 75% од тестираните активни корисници на дроги кои инјектираат се носители на хепатит Ц.

Од друга страна, постои пречка за лекување хепатит Ц на активните корисници на дроги кои инјектираат, услов која бара корисниците на дроги најмалку 12 месеци да а̀пстинирале од употреба на дроги или да се лекуваат од зависност. Како главна причина за овој услов здравствените работници го наведуваат ризикот од можна повторна инфекција и залудно потрошени средства за лекување.

И покрај општата согласност за недостаток на податоци, постоечките сознанија укажуваат дека активните корисници на дрога кои инјектираат се важна заедница кога станува збор за превенција на хепатит Ц и во таа насока треба да се увидат начините на кои можат да бидат вклучени во третманот. Ова прашање предизвика жестока дискусија и спротивставени ставови на учесниците. Дел од здравствените работници беа против вклучување на активните корисници на дрога кои инјектираат поради ризикот од можна повторна инфекција. Дел од учесниците сметаа дека тие треба да бидат вклучени на третман бидејќи на таков начин не само што ќе се направи третман на лица кои се носители на хепатит Ц туку и се прави превенција од неговото ширење. Во ваква ситуација може да се заклучи дека третманот на активните корисници на дрога кои инјектираат не е само прашање на избор и одлука на здравствената институција, туку јавно здравствено прашање за кое треба да разговараат сите засегнати страни и да донесат заедничко решение.

Еден од најголемите предизвици за кои се разговараше се однесуваше на високите трошоци за лекување, од една страна и ограниченият буџет на клиниките, од друга страна. Она што е важно за почеток е препознавање на проблемот со хепатит Ц како јавен здравствен проблем и проблем од

аспект на човекови права. Ваквиот пристап би се фокусирал на процена на здравјето на заедниците кои се во ризик за да се идентификуваат здравствените проблеми и приоритети, да се направат јавни политики за подобрување на здравствените проблеми и приоритети и да се овозможи еднаков пристап на сите до здравствени услуги кои се со ефективен трошок. Во таа насока потребно е да се подобри соработката на сите засегнати страни (здравствени институции, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, пациентите, корисниците на дроги и граѓанските организации), да се подобри координацијата од која ќе произлезе и креирање на национална стратегија за превенција, за третман и за грижа за хепатит Ц. Дополнително на тоа треба да се направат напори за намалување на цените на третманот за хепатит Ц, што може да се постигне преку преговори меѓу сите засегнати страни (Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, Клиниката за гастроентерохепатологија, пациентите, здруженијата на граѓани, како и фармацевтските компании). Намалувањето на цените на третман за хепатит Ц ќе овозможи поголем опфат на лица кои имаат хепатит Ц, што е и крајна цел на секоја здравствена политика.

На крај беше истакната и потребата од психосоцијална поддршка на лицата кои се на третман за хепатит Ц, пред сè, поради долготрајноста на третманот и мотивирање на истрајност во третманот, но и поради високиот ризик од појава на депресија како контраиндикација од самиот третман за хепатит Ц. Во таа насока беше дискутирана и потребата за поддршка на здравствените работници во третманот од хепатит Ц од страна на здруженија на граѓани кои овозможуваат психосоцијална поддршка за лицата кои се носители на хепатит Ц.

Здружението „ХОПС - Опции за здрав живот Скопје" веќе 17 години работи на полето на намалување на штети од употреба на дроги што во себе вклучуваат и активности за превенција на хепатит Ц, но и поддршка на лицата кои имаат хепатит Ц во пристапот кон тр̀етман. Имајќи ги предвид предизвиците со кои се соочуваат корисниците на дроги кога пристапуваат во здравствените институции за третман на хепатит Ц, ХОПС изминативе две години започна со активности за актуелизирање на прашањето на достапност на третманот за хепатит Ц особено за корисници на дрога. Во рамките на тие активности беше организирана и оваа Конференција.

# Новозабранети супстанции во категоријата на опојни дроги и психотропни супстанции

Како што известува Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Меѓуресорската комисија за дроги на Република Македонија во март 2014 донесе одлука за забрана на 15 нови супстанции и нивно класифицирање во списокот на опојни дроги и психотропни супстанции. Ова значи дека се забранува нивното производство, поседување , купопродажба и употреба.

Во продожение е списокот на забранетите супстанции објавен во **Службен весник бр. 56,** од 27.03.2014.

| **Меѓународно име на психотропната супстанција** | **Хемиско име** (IUPAC) | **Друго незаштитено име** | **Дејство** |
|---|---|---|---|
| **25I-NBOMe** | 2-(4-iodo-2,5-dimethoxyphenyl)-N-[(2-ethoxyphenyl)methyl]ethanainine C18H22INO3 | 2C-I-NBOMe, Cimbi-5, Wizard, Medication | Психоделична дрога |
| **AH-7921** | 3,4-dichloro-N[[1-dimethylamino) cyclohexyi] methylbenzamide C16 H22 CI2 N2O | „AH-7921", „dohylan". | Наркотичен аналгетик со висок потенцијал за создавање на зависност, околу 80% од моќноста на морфин |
| **MDPV** | 3, 4-methylenedioxypyrovalerone C16 H21 NO3 | Explosion, Blow, Recharge „plant food", „bath salts", „research chemicals" | Стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС) сличен на кокаин, амфетамини, MDMA, од класата на катиноми |
| **Methoxetamine** | 2-(3-methoxyphenyl)-2-(ethylamino)cyclohexanone C15 H21 NO2 | „MXM" „Mexxy", „M-ket" „MEX", „Kmax", „Special M", „MA", „legal ketamine", „Minx", „Jipper", „Roflcoptr" | Алтернатива на кетамин<br><br>аналгезија, анестезија, халуцинации, |
| **5-ИТ** | 5-(2-aminopropyl) indole 1-(1H-indol-5-y1) propan-2-amine C11H12N | „Benzo Fury" | Стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС) |
| **4-MA** | 1-(4-methylpheny1)propan-2-amine 1-(4-methylpheny1)2-amino-propane 4-methylamphetamine | PTAP, PAL-313, 4-MeA PmeA 4-MA; Aptrol; | Ефедра тип на стимуланс (опишано од страна на корисниците, со физички и психолошки ефекти) параноја, халуцинации, анксиозност, депресија, Аноректична дрога (аппетите суппрессант) |
| **Mephedrone** | 4-methylmethcathinone C11 H21 NO | 4-MMC, MCAT, Meow Meow | Стимуланс на централниот нервен систем (ЦНС) од класата на катинони и амфетамин |
| **BZP** | 1-benzylpiperazine C11 H16 N2 | „herbal high", „бибер екстрат" | Стимуланс на ЦНС, ги имитираат молекуларните механизми на дејство и некои од ефектите од МДМА (екстази) |
| **mCPP** | 1-)3-chlorophenyl)piperazine C10H13CIN2 | „X4", „duhovka", „rainbow", „Rolls Royce", „smarties" | Стимуланс |

| Меѓународно име на психотропната супстанција | Хемиско име (IUPAC) | Друго незаштитено име | Дејство |
|---|---|---|---|
| **2C-I** | 2,5-dimethoxy-4-iodophenethyl-amine | | Халуциногено, психоделично и стимултивно |
| **2C-T-2** | 2,5-dimethoxy-4-ethylthiopheneth-ylamine | | Халуциногено и стимулативно. Дериват на амфетамин |
| **2C-T-7** | 2,5-dimethoxy-4-(n)-propylthiophenethylamine | | Халуциногено и стимулативно. Дериват на амфетамин |
| **TMA-2** | 2,4,5-trimethoxyamphetamine | | Халуциногено и стимулативно. Дериват на амфетамин |
| **4-MTA** | P-Methylthioamphetamine 4-Methylthioamphetamine | | Стимулативно. Дериват на амфетамин |
| **PMMA** | Paramethoxymethylamphetamine N-methyl-l-(4-methoxyphenyl)-2-aminopropane | | Стимулативно. Аналог на амфетамин, сличен во структурата, но различен во однос на елементарниот состав |

*За повеќе информации:*
***http://moi.gov.mk***

## Препорачуваме

ВИСОКА ЦЕНА:
Патешествието на невронаучникот до самоспознанието кое искушува сè што до сега сте знаеле за дрогите и општеството

High Price: A Neuroscientist's Journey of Self-Discovery That Challenges Everything You Know About Drugs and Society

„**Висока цена**" се сенишни и инспиративни мемоари на нев-ронаучникот Карл Харт (Carl Hart), лик кој има пораснато во една од најсуровите населби во Мајами и како предодреден да предизвика промени во своето зрело доба, беспоштедно го применува своето образование за спасување животи.
Во младоста Карл не можел да ја сфати вредноста на образованието и учел само онолку колку што било потребно да го задржат во кошаркарската екипа. Денес тој е авангарден невронаучник – прв афро американски професор на Универзитетот „Колумбија" – чие значајно, контроверзно истражување го преобликува нашето сфаќање за зависноста.
Низ овие провокативни и просве-тлувачки мемоари, д-р Карл Харт се навраќа на сопственото патешествие до самоспознанието, како се извлекол од животот со криминал и дроги и како избегнал да стане еден од зависниците од „крек" кои сега ги проучува. Заемно проткајувајќи ги минатото и сегашноста Харт преку своите истражувања ги преминува постоечките граници на сознанијата за дрогите и задо-волството, изборот и мотивацијата во мозокот и во општеството. Не-говите откритија дополнително ги расветлуваат постоечките сознанија за расата, сиромаштијата и дрогите и ги објаснуваат причините за не-успехот на постоечките политики.

## Најнови публикации за дроги:



Министерството за внатрешни работи на Република Македонија на 03.04.2014 година извести дека е откриено присуство на нов вид дрога во Македонија, позната како метил-ендиокси-пировалерон или скратено МДПВ. Уличниот назив на оваа дрога е „купка" („bath salts", „Blow", „research chemicals", „Explosion"). Секторот за контролирани супстанции во МВР ја класифицира МДВП како синтетичка верзија на кокаин по што се иницираше итна постапка за забрана на оваа супстанција и во Службен весник на Република Македонија од 27.03.2014 година е заведена како прва категорија опојни дроги.

Отцепувањето на Крим од Украина и соединувањето со Русија се заканува да го загрози лекувањето на луѓето зависни од опијати, односно да ја прекине дистрибуцијата на метадон и бупренорфин. Поради блокирањето на сувоземните патишта меѓу Крим и Украина, но и поради конзервативните политики за дроги на Русија, центрите за лекување зависности од дроги можат да останат без пристап до споменатата фармакотерапија неопходна за лекување на зависностите од опијати.

Од 14 до 16 март 2014 година, во Охрид се одржа Конференција на тема „Достапност на третманот за хепатит Ц за корисници на дроги во Република Македонија – добри практики и предизвици". Во фокусот на дискусиите на Конференцијата беа прашањата за подобрување на пристапот и условите за лекување на хепатит Ц кај луѓето кои употребуваат/-ле дроги, а имаат потреба од таков третман. На Конференцијата учествуваа претставници од јавниот здравствен сектор, од приватниот здравствен сектор и од граѓанскиот сектор. За развојот на дискусиите особено придонесоа гостите-учесници Арчил Талаквадзе, заменик-министер за правда на Грузија и Пата Сабелашвили од Грузиската мрежа за намалување на штети. Организатор на Конференцијата беше „Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје".

# КРАТКИ ВЕСТИ

Нов Зеланд е првата земја во светот која со закон ги регулираше производството, продажбата и употребата на „новите психоактивни супстанции" (дизајнерски дроги). Од јули 2013 година, сите производители на „нови психоактивни супстанции", што ќе докажат дека нивните производи се безопасни за здравјето и за животот на нивните корисници, со дозвола на Владата можат слободно да ги продаваат во специјализирани продавници. Според досегашните искуства, ваквата политика овозможува полесна контрола на пазарот и заштита на здравјето на корисниците на „новите психоактивни супстанции".

На 26.03.2014 година, Окружниот суд во Ловеч, Бугарија, донел ослободителна судска пресуда за лице обвинето за поседување и за одгледување медицинска марихуана. Клучно за ослободителната пресуда бил Извештајот од тројната експертиза која потврдила дека марихуната му помага на сега ослободеното лице да се справи со симптомите на мултиплекс склероза. Ова е прва ослободителна пресуда за ваков случај во Бугарија, но постои голема веројатност во иднина да се применува и на други случаи.

Уругвајскиот претседател Хосе Мухика е номиниран за овогодинешната Нобелова награда за мир поради легализацијата на канабисот. Номинацијата е поддржана од неговата партија „Широк фронт" (Frente Amplio), од „Институтот за помирување со дрогите (Drugs Peace Institute), од „Засади ја својата билка", (PlantaTuPlanta) и од „Латино-американската коалиција на активисти за канабис" (Latin American Coalition of Cannabis Activists). Уругвај го легализираше канабисот во декември 2013 година.

www.hops.org.mk




ХОПС
Опции за здрав живот Скопје

СЗПМЗ
Коалиција „Сексуални
и Здравствени права на
маргинализирани заедници"

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

и Фондации Отворено општество
(Open Society Foundations)